# СЛУЖ

НА ФЕДЕРАТИВНА Н ЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ“ излегува по потреба во српско. хрватско, словеначко и македонско издание – Огласи по тарифата. — Жиро сметка при Народната банка на ФНРЈ за претплата и одделни изданија бр. 1032-Т-220. за огласи 1032-Т-221.

Среда, 26 декември 1956

БЕЛГРАД

БРОЈ 53 ГОД. XII

Цена на овој број е 60.— дин. — Претплатата за 1956 година изнесува 1500.— дин., а за странство 2200 — динари.— Редакција: улица Краљевића Марка бр. 9 — Телефони: Редакција 28-838, Администрација 28-278 Продажно одделение 22-619. Тел централа 28-010.

**665.**

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ОДНОСИТЕ НА РОДИТЕЛИТЕ И ДЕЦАТА

Врз основа на членот 71 точка 2 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство на Федеративна Народна Република Југославија и за сојузните органи на власта, се прогласува Законот за измена и дополнение на Основниот закон за односите на родителите и децата, што го усвои Сојузната народна скупштина на седницата на Сојузниот собор од 7 декември 1956 година.

ПР бр. 24
8 декември 1956 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната народна скупштина,
**Моша Пијаде,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ОДНОСИТЕ НА РОДИТЕЛИТЕ И ДЕЦАТА

Член 1

Во Основниот закон за односите на родителите и децата членот 25 се менува и гласи:

„Тужба заради утврдување татковството на дете родено вон од бракот може да поднесе во негово име мајката додека го врши родителското право, односно старателот со одобрение од органот за старателство, а детето во срок од пет години по навршеното полнолетство.“.

Член 2

Одредбата на претходниот член ќе се примени на сите случаи на утврдување татковството на дете родено вон од бракот, па и во случај кога е донесена правосилна одлука со која тужбата заради утврдување татковството е одбиена од причина што според поранешните прописи изминал срокот за нејзино подигање.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ“.

**666.**

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА СТИПЕНДИИТЕ

Врз основа на членот 71 точка 2 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство на Федеративна Народна Република Југославија и за сојузните органи на власта, се прогласува Законот за измени и дополненија на Основниот закон за стипендиите, што го усвои Сојузната народна скупштина на седницата на Сојузниот собор од 7 декември 1956 година.

ПР бр. 25
8 декември 1956 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната народна скупштина,
**Моша Пијаде,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА СТИПЕНДИИТЕ

Член 1

Во Основниот закон за стипендиите во членот 11 ставот 3 се менува и гласи:

„За стипендиите на лицата во работен однос што се испратени на усовршување, преквалификација или на редовно школување во училиштата во кои такви лица можат да бидат ученици, важат посебни прописи.“

Член 2

Членот 21 се менува и гласи:

„Комисии за стипендии се формираат и во народните републики, автономните единици, околиите и општините во кои не е основан фонд за стипендии.“

Член 3

Во членот 40 се додава нов став 2, кој гласи:

„На стипендистот што без оправдана причина ќе го раскине договорот за стипендија не може да му се даде стипендија од друг давател без претходна согласност од давателот на стипендија со кој е раскинат договорот.“

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ“.

**667.**

Врз основа на чл. 13 и 94 од Законот за државните службеници („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 44/48) и членот 92 од Законот за органите на внатрешните работи („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 30/56), а во врска со членот 11 од Законот за спроведување на Уставниот закон, Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ ПЛАТИТЕ НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ И РАБОТНИЦИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ И УСТАНОВИ

Член 1

Основните месечни плати на службениците на државните органи и установи (член 4 од Основната уредба за звањата и платите на службениците на државните органи — „Службен лист на ФНРЈ“, бр. 4/54, член 12 од Уредбата за звањата и платите на персоналот во здравствените установи — „Слу-

жбен лист на ФНРЈ“, бр. 6/54 и член 4 од Уредбата за звањата и платите на службениците на Народната банка на ФНРЈ — „Службен лист на ФНРЈ“, бр. 6/54) се зголемуваат и изнесуваат:

| Платен разред | Динари |
|---|---|
| I | 23.000 |
| II | 21.500 |
| III | 20.000 |
| IV | 19.000 |
| V | 18.000 |
| VI | 17.000 |
| VII | 16.000 |
| VIII | 15.000 |
| IX | 14.100 |
| X | 13.200 |
| XI | 12.400 |
| XII | 11.600 |
| XIII | 11.000 |
| XIV | 10.400 |
| XV | 9.800 |
| XVI | 9.200 |
| XVII | 8.500 |
| XVIII | 8.000 |
| XIX | 7.600 |
| XX | 7.200 |

Член 2

Платите на помошните службеници (член 29 од Правилникот за звањата и платите на канцелариските службеници — „Службен лист на ФНРЈ“, бр 16/52 и член 5 од Правилникот за звањата и платите на службениците на шумарско-техничката помошна служба — „Службен лист на ФНРЈ“, бр. 35/53) се зголемуваат и изнесуваат, и тоа:

1) платите на службениците што вршат работи на служител — 6.500, а со покачувањето според годините на службата — до 8.500 динари месечно;

2) платите на службениците што вршат работи на телефонист и пријавник во поголеми организациони единици и сл. — 6.800, а со покачувањето според годините на службата — до 8.800 динари месечно;

3) платите на помошните шумари — 6.800, а со покачувањето според годините на службата — до 8 800 динари месечно

Покачувањата на платите на помошните шумари. што се даваат според годините на службата, изнесуваат: првото, второто, третото и четвртото — по 300, а петтото и шестото — по 400 динари месечно.

Член 3

Дополнителните плати на службениците во установите на просветно-научната служба, определени во чл. 2 и 3а од Уредбата за звањата и платите на службениците во просветно-научната служба („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 4/54, 11/54 и 1/56) се зголемуваат и изнесуваат месечно и тоа:

1) на службениците во звањата воспитач, учител по практична настава, стручен учител и учител: што немаат положен стручен испит — 1.500 динари, што го положиле стручниот испит а се распоредени до XII платен разред — 2.000 динари, што го положиле стручниот испит а се распоредени од XI до VIII платен разред — 3.000 динари;

2) на службениците во звањето наставник: што не го положиле стручниот испит — 2.000 динари, што го положиле стручниот испит а се распоредени до IX платен разред — 3.000 динари, што го положиле стручниот испит а се распоредени од VIII—VI платен разред — 4.000 динари;

3) на службениците во звањето професор на средна школа: што не го положиле стручниот испит — 2.500 динари, што го положиле стручниот испит а се распоредени до IX платен разред — 4.000 динари, што го положиле стручниот испит а се распоредени од VIII—VI платен разред — 5.000 динари;

4) на асистент — 2.500 до 6.000 динари;

5) на предавач — 4.000 до 7.000 динари;

6) на доцент — 8.000 динари;

7) на вонреден професор — 10.000 динари;

8) на редовен професор — 12.000 динари.

Член 4

Дополнителните плати на судиите, определени во членот 7 од Уредбата за платите на судиите и стручните соработници во судовите („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 28/55) се зголемуваат и изнесуваат месечно, и тоа:

1) на судиите на околиски суд — 6.000 динари;

2) на судиите на окружен редовен и стопански суд — 8.000 динари;

3) на судиите на републички врховен суд и Врховниот суд на Автономна Покраина Војводина, како и на судиите на Вишиот стопански суд — 10.000 динари;

4) на судите на Сојузниот врховен суд и на судиите на Врховниот стопански суд — 12.000 динари.

На претседателите и на судиите на околиските судови во определени места републичкиот односно Покраинскиот извршен совет може да им определи и поголема дополнителна плата од 6.000 динари.

Член 5

Положбениот додаток на претседателите на околиските и окружните (редовни и стопански) судови и на судиите на Сојузниот врховен суд изнесува месечно, и тоа:

1) на претседател на околиски суд — 2.000 до 3.000 динари;

2) на претседател на окружен редовен и стопански суд — 3.000 до 6.000 динари;

3) на судиите на Сојузниот врховен суд — 6.000 динари.

Член 6

Дополнителните плати на јавните обвинители и на нивните заменици, определени во членот 6 од Уредбата за платите на јавните обвинители, нивните заменици и стручни соработници во јавните обвинителства („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 28/55) се зголемуваат и изнесуваат месечно, и тоа:

1) на околиски јавен обвинител и на негов заменик — 4.000 до 6.000 динари;

2) на окружен јавен обвинител и на негов заменик — 5.000 до 8.000 динари;

3) на заменик на републички јавен обвинител и на заменикот на јавниот обвинител на Автономна Покраина Војводина — 7.000 до 10.000 динари;

4) на заменикот на сојузниот јавен обвинител — 8.000 до 12.000 динари.

На околиските јавни обвинители и на нивните заменици во определени места сојузниот јавен обвинител, во согласност со Сојузниот извршен совет, може да им определи и поголема дополнителна плата од 6.000 динари.

Член 7

Положбениот додаток на јавните обвинители изнесува месечно, и тоа:

1) на околиски јавен обвинител — 2.000 до 3.000 динари;

2) на окружен јавен обвинител — 3.000 до 6.000 динари;

3) на определениот заменик на сојузниот јавен обвинител — 6.000 динари.

Во случајот од точката 3 на претходниот став сојузниот јавен обвинител го определува заменикот на кој му припаѓа положбен додаток.

Член 8

Одредбата од членот 13 став 3 на Основната уредба за звањата и платите на службениците на државните органи се применува и на вишите офицери и генералите на Народната милиција на должностите на команданти и помошници команданти на Народната милиција на народна република, односно на ним рамните положби.

Решенијата за определување на положбениот додаток според претходниот став, се донесуваат во согласност со сојузниот државен секретар за внатрешни работи.

На милиционерите, подофицерите и офицерите на Народната милиција, наместо досегашниот бе-

сплатен огрев им припаѓа надоместок за огрев во месечен износ, и тоа:

1) на милиционерите и подофицерите — 2.000 динари;

2) на потпоручниците и поручниците — 2.500 динари;

3) на капетаните и капетаните I класа — 3.000 динари;

4) на вишите офицери и генералите — 3.500 динари.

Надоместувањето според претходниот став не се смета како плата и се исплатува од средствата предвидени во материјалните расходи за трошоците за огрев.

Член 9

Дополнителните плати и положбените додатоци предвидени за поодделни работни места односно положби со одлуките на органите надлежни за установување дополнителни плати и положбени додатоци не можат да се зголемуваат.

По исклучок, за поодделни работни места односно положби може да се установи и поголема дополнителна плата односно положбен додаток, заради усклaдување со другите соодветни работни места, но само во согласност со надлежниот извршен совет.

Ограничувањето од ставот 1 не се однесува на делот од платата што според Уредбата за работните односи и за платите на уметниците и на помошниот уметнички персонал („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/52) се утврдува со договор како уметнички додаток.

Член 10

Согласност од секретаријатот за општа управа на извршниот совет е потребна и за определување дополнителна плата на службениците на народниот одбор според членот 10 од Основната уредба за звањата и платите на службениците на државните органи.

Член 11

На помошните службеници запослени во болници, како и на помошните службеници во училиштата во градовите и индустриските населби во кои се одржува настава во две смени, им припаѓа дополнителна плата во месечен износ од 500 динари. На помошните службеници во училиштата оваа дополнителна плата им припаѓа ако ја вршат службата за време на траењето на двете смени.

Ако на службениците од претходниот став според постојните прописи им е определена дополнителна плата во поголем износ од 500 динари, им припаѓа дополнителната плата определена според тие прописи.

Републичкиот орган надлежен за работи на просветата ќе дава упатства за тоа кои места се сметаат како градови односно индустриски населби во смисла на ставот 1 од овој член.

Член 12

Платите на работниците запослени во државни органи и установи, пропишани во членот 3 од Уредбата за зголемување на платите на службениците и работниците запослени во државните надлештва и установи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/54), се зголемуваат и изнесуваат, и тоа:

1) на неквалификуваните работници — 6.500 динари месечно, а со покачувањата според работниот стаж — до 7.500 динари, или 250 до 288 динари дневно;

2) на полуквалификуваните работници — 7.000 динари месечно, а со покачувањата според работниот стаж — до 8.650 динари, или 269 до 333 динари дневно;

3) на квалификуваните работници — 8.600 динари месечно, а со покачувањата според работниот стаж — 10.850 динари, или 331 до 418 динари дневно;

4) на висококвалификуваните работници — 10.500 динари месечно, а со покачувањата според работниот стаж — до 13.500 динари, или 404 до 519 динари дневно.

За неквалификуваните работници запослени во помали установи платата може да изнесува 5.200 динари месечно, а со покачувањата според работниот стаж — до 6.200 динари, или 200 до 240 динари дневно.

Покачувањата на платата што се определуваат спрема работниот стаж според членот 7 од Уредбата за платите на работниците запослени во државните надлештва и установи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/52), изнесуваат, и тоа:

1) на неквалификуваните работници 200 динари месечно, или 8 динари дневно;

2) на полуквалификуваните работници 330 динари месечно, или 13 динари дневно;

3) на квалификуваните работници 450 динари месечно, или 17 динари дневно;

4) на висококвалификуваните работници — 600 динари месечно, или 23 динари дневно.

Член 13

Платите на работниците запослени во работилници на државните органи и установи што се пресметуваат по час, се зголемуваат и изнесуваат по час, и тоа:

| Платен разред | Динари |
|---|---|
| I | 65 |
| II | 59 |
| III | 54 |
| IV | 49 |
| V | 44 |
| VI | 41 |
| VII | 38 |
| VIII | 35 |
| IX | 33 |
| X | 31 |

Член 14

Платите на возачите на моторни возила запослени во државни органи и установи, што се пропишани со членот 4 од Уредбата за зголемување на платите на службениците и работниците запослени во државните надлештва и установи, се зголемуваат и изнесуваат, и тоа:

1) на возачите од А категорија — 6.600 динари месечно, а со покачувањата според работниот стаж — до 7.950 динари, или 32 до 38 динари по работен час;

2) на возачите од Б категорија — 7.300 динари месечно, а со покачувањата според работниот стаж — до 8.950 динари, или 35 до 43 динари по работен час;

3) на возачите од Ц категорија — 7.900 динари месечно, а со покачувањата според работниот стаж — до 9.900 динари, или 38 до 48 динари по работен час;

4) на возачите од Д категорија — 8.600 динари месечно, а со покачувањата според работниот стаж — до 10.850 динари, или 41 до 52 динари по работен час.

Платите на возачите од Б, Ц и Д категорија што имаат квалификација на автомеханичар или висококвалифициран возач на моторни возила во струката на патниот сообраќај се зголемуваат и изнесуваат, и тоа:

1) на возачите од Б категорија — 7.800 динари месечно, а со покачувањата според работниот стаж — до 9.450 динари, или 37 до 45 динари по работен час;

2) на возачите од Ц категорија — 8.400 динари месечно, а со покачувањата според работниот стаж — 10.400 динари, или 40 до 50 динари по работен час;

3) на возачите од Д категорија — 9.100 динари месечно, а со покачувањата според работниот стаж — до 11.350 динари, или 44 до 54 динари по работен час.

Покачувањата на платата според работниот стаж за возачите на моторни возила изнесуваат, и тоа:

1) на возачите од А категорија — 270 динари месечно, или 1,30 динари по работен час;

2) на возачите од Б категорија — 330 динари месечно, или 1,59 динари по работен час;

3) на возачите од Ц категорија — 400 динари месечно, или 1,92 динари по работен час;

4) на возачите од Д категорија — 450 динари месечно, или 2,16 динари по работен час.

Член 15

Платите на работниците за чистење простории во државни органи и установи изнесуваат: од 0,55 до 0,70 динари дневно по квадратен метар површина на подот

Член 16

Органите надлежни за донесување посебни прописи за платите на работниците и службениците запослени во установи со самостојно финансирање можат по пат на измени на тие прописи да ги зголемат платите на работниците и службениците на тие установи до највисоките зголемувања од членот 1 на оваа уредба.

Член 17

Посебниот додаток што им се исплатува на службениците и работниците запослени во органите и установите на подрачјето на бившата Југословенска зона на Слободната Територија на Трст врз основа на членот 15 од Уредбата за спроведување на законите и другите сојузни правни прописи на територијата на која е проширена цивилната управа на Федеративна Народна Република Југославија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 56/54) се намалува за износот за колку се зголемуваат основните плати според оваа уредба

Член 18

На службениците и работниците што примаат разлика според членот 77 став 5 од Основната уредба за звањата и платите на службениците на државните органи и според соодветните одредби на посебните прописи за платите, им се прекратува исплатата на разликата во платата за износот на зголемувањето на платата според оваа уредба над 500 динари.

Член 19

Износите на платите определени со одредбите од оваа уредба го опфаќаат и зголемувањето на платите според Уредбата за зголемување на платите, на наградите на учениците во стопанството, на инвалидските принадлежности, на пензиите, на инвалиднините и на додатокот на деца („Службен лист на ФНРЈ", бр 31/55).

Член 20

Покачувањето на платите според одредбите од оваа уредба влегува во основот за давање по основот на социјалното осигурување и на сите надоместувања чија височина се определува според платата.

Ако за основ служи просекот на платите исплатени во определен временски период, ќе се смета дека покачената плата е исплатувана во текот на целиот тој период.

Член 21

Платите според оваа уредба течат од 1 јануари 1957 година.

Член 22

Објаснија за примена на оваа уредба ќе дава Секретаријатот за општа управа на Сојузниот извршен совет.

Член 23

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 428
24 декември 1956 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито, с. р.**

**668.**

Врз основа на членот 31 од Законот за воените инвалиди од војните („Службен лист на ФНРЈ", бр. 44/46, 106/47 и 14/50), во врска со членот 11 од Законот за спроведување на Уставниот закон, Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА ИНВАЛИДСКИТЕ ПРИНАДЛЕЖНОСТИ

Член 1

Во Уредбата за инвалидските принадлежности („Службен лист на ФНРЈ", бр. 33/52 и 36/54) во членот 4 се додава нов став 2, кој гласи:

„Височината на инвалидскиот додаток се определува според вкупниот износ на данокот на доход од селското стопанство и вкупниот износ на другите редовни приходи (плати, пензии, приходи од стопанска дејност и од самостојно занимање, од заработки и од други имоти)."

Член 2

Членот 8 се менува и гласи:

„Право на инвалидски додаток имаат воените инвалиди од војните, и тоа: инвалидите од I до V група заклучно — без обзир на возраста и работната способност, а инвалидите од VI до X група — ако се постари од 55 години (жени) односно 65 години (мажи), или ако се наполно и трајно неспособни за работа, и ако ги исполнуваат следните услови:

1) да не се во работен однос ниту уживатели на лична или фамилијарна пензија поголема од 4.000 динари месечно;

2) да не вршат самостојна професионална односно стопанска дејност;

3) данокот на доход од селското стопанство на нивното домаќинство да не изнесува повеќе од 500 динари годишно по член на домаќинството;

4) нивното домаќинство да нема други редовни приходи што изнесуваат повеќе од 4.000 динари месечно по член на домаќинството."

Член 3

По членот 8 се додаваат два нови члена, кои гласат:

„Член 8а

Инвалидскиот додаток што под условите од претходниот член им припаѓа со личната инвалиднина од I до IV група, изнесува месечно:

1) 7.500 динари — ако домаќинството нема доход од селското стопанство ниту други приходи што се земаат во обзир при определувањето на правото на инвалидски додаток;

2) 5.500 динари — ако домаќинството нема доход од селското стопанство, но има други приходи што се земаат во обзир при определувањето на правото на инвалидски додаток што изнесуваат до 2.000 динари месечно по член на домаќинството;

3) 3.500 динари — ако данокот на доход од селското стопанство изнесува до 500 динари годишно по член на домаќинството, или ако другите приходи изнесуваат повеќе од 2.000 до 4.000 динари месечно по член на домаќинството.

На инвалидите од претходниот став што се самохрани или што боледуваат од отворена туберкулоза инвалидскиот додаток од точ. 1 и 2 на претходниот став им се зголемува за 1.000 динари месечно.

Член 8б

Инвалидскиот додаток што под условите од членот 8 на оваа уредба им припаѓа со личната инвалиднина на инвалидите од V до X група, изнесува месечно:

1) 5.500 динари — ако домаќинството нема доход од селското стопанство ниту други приходи што се земаат во обзир при определувањето на правото на инвалидски додаток;

2) 4.500 динари — ако домаќинството нема доход од селското стопанство, но има други приходи што

се земаат во обзир при определувањето на правото на инвалидски додаток што изнесуваат до 2.000 динари месечно по член на домаќинството;

3) 3.500 динари — ако данокот на доход од селското стопанство изнесува до 500 динари годишно по член на домаќинството, или ако другите приходи изнесуваат повеќе од 2.000 до 4.000 динари месечно по член на домаќинството."

Член 4

Членот 15 се менува и гласи:

„Право на инвалидски додаток имаат уживателите на фамилијарна инвалиднина што се постари од 55 години (жени) односно 65 години (мажи) или се наполно или трајно неспособни за работа, и ако ги исполнуваат следните услови:

1) да не се во работен однос ниту уживатели на лична или фамилијарна пензија поголема од 4.000 динари месечно;

2) да не вршат самостојна професионална односно стопанска дејност;

3) данокот на доход од селското стопанство на нивното домаќинство да не изнесува повеќе од 500 динари годишно по член на домаќинството, односно да не изнесува повеќе од 700 динари годишно по член на домаќинството ако се во прашање самохрани уживатели на фамилијарна инвалиднина;

4) нивното домаќинство да нема други редовни приходи што изнесуваат повеќе од 4.000 динари месечно по член на домаќинството.

Се смета неспособна за работа во смисла на предниот став вдовицата — уживател на фамилијарна инвалиднина што има едно дете помало од 11 години, или повеќе деца помали од 15 години, или поголемо дете што е наполно и трајно неспособно за работа, ако таа се грижи за децата и со нив живее во исто домаќинство.

Децата — уживатели на фамилијарна инвалиднина имаат право на инвалидски додаток ако покрај условите предвидени во ставот 1 на овој член во поглед на возраста и школувањето ги исполнуваат условите предвидени во прописите за додатокот на деца со тоа што со наполнувањето на 24 години возраст да им престанува тоа право."

Член 5

По членот 15 се додаваат два нови члена, кои гласат:

„Член 15а

Инвалидскиот додаток што под условите од претходниот член припаѓа со фамилијарната инвалиднина изнесува месечно:

1) 5.500 динари — ако домаќинството нема доход од селското стопанство ниту други приходи што се земаат во обзир при определувањето на правото на инвалидски додаток;

2) 4.500 динари — ако домаќинството нема доход од селското стопанство, но има други приходи што се земаат во обзир при определувањето на правото на инвалидски додаток што изнесуваат до 2.000 динари месечно по член на домаќинството;

3) 3.500 динари — ако данокот на доход од селското стопанство изнесува до 150 динари годишно по член на домаќинството, односно до 250 динари годишно по член на домаќинството ако се во прашање самохрани уживатели на фамилијарна инвалиднина, или ако другите приходи изнесуваат повеќе од 2.000 до 4.000 динари месечно по член на домаќинството;

4) 2.500 динари — ако данокот на доход од селското стопанство изнесува повеќе од 150 до 250 динари годишно по член на домаќинството, односно повеќе од 250 до 350 динари годишно по член на домаќинството ако се во прашање самохрани уживатели на фамилијарна инвалиднина;

5) 1.500 динари — ако данокот на доход од селското стопанство изнесува повеќе од 250 до 350 динари годишно по член на домаќинството, односно повеќе од 350 до 500 динари годишно по член на домаќинството ако се во прашање самохрани уживатели на фамилијарна инвалиднина;

6) 1.000 динари — ако данокот на доход од селското стопанство изнесува повеќе од 350 до 500 динари годишно по член на домаќинството, односно повеќе од 500 до 700 динари годишно по член на домаќинството ако се во прашање самохрани уживатели на фамилијарна инвалиднина.

На сомохраните уживатели на фамилијарна инвалиднина чие домаќинство нема доход од селското стопанство, инвалидскиот додаток од точ. 1, 2 и 3 на претходниот став им се зголемува за 1.000 динари месечно.

Член 15б

Кога повеќе соуживатели заеднички уживаат фамилијарна инвалиднина, на нив им припаѓа само еден инвалидски додаток.

Кога соуживатели на фамилијарна инвалиднина се родители што живеат во исто домаќинство, на нив им припаѓа инвалидскиот додаток ако двата родители ги исполнуваат условите пропишани за примање на инвалидски додаток.

Ако фамилијарна инвалиднина ужива само еден родител, а неговиот брачен другар е уживател на лична инвалиднина, па живеат во исто домаќинство, инвалидскиот додаток може да му се признае само на еден од тие уживатели."

Член 6

Во членот 16 став 2 место зборовите: „ст. 2 на претходниот член" се ставаат зборовите: „членот 15 на оваа уредба".

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Ако двајца или повеќе соуживатели од претходниот став ги исполнуваат условите за примање на инвалидски додаток, на секој од нив ќе му се исплатува износот што би му припаѓал како на самостоен уживател, со тоа збирот на тие износи да не може да го премине износот на максималниот инвалидски додаток од 5.500 динари (член 15 на оваа уредба). Ако збирот на тие износи преминува 5.500 динари, максималниот инвалидски додаток ќе им се исплатува на соуживателите во сразмера со износите што би им припаѓале како на самостојни уживатели."

Член 7

Членот 18 се менува и гласи:

„Кога фамилијарна инвалиднина уживаат деца што имаат еден родител, не можат да примаат инвалидски додаток додека им се исплатува додатокот на деца, освен ако по правото на избор се откажат од додатокот на деца.

Децата — уживатели на фамилијарна инвалиднина што немаат родители, покрај правото на додаток на деца имаат право и на инвалидски додаток ако ги исполнуваат условите предвидени со оваа уредба."

Член 8

Членот 19 се менува и гласи:

„При оценувањето на правото на инвалидски додаток и утврдувањето на височината на додатокот, се земаат во обзир вкупниот данок на доход од селското стопанство и вкупните други редовни приходи на корисникот и на членовите на неговата фамилија што живеат со него во заедничко домаќинство, и тоа: на брачниот другар, на децата и на родителите.

Во приходите на домаќинството нема да се засметуваат инвалидските принадлежности според оваа уредба, примањето по основот на одликување, социјалните помошти, наградите на учениците во стопанството и приходот од сопствен стан во кој живее корисникот со членовите на домаќинството. Исто така, во приходот на домаќинството нема да се засметува ниту стипендијата на корисниковите деца и на брачниот другар.

Како плата во смисла на членот 4 став 2 од оваа уредба се зема кај службениците основната и дополнителната плата со постојаните додатоци, а кај работниците платата по време и ефект.

При утврдувањето на вкупниот данок се зема во обзир фактично обложениот данок, а не и из-

ние во смисла на членот 38 од истата уредба, ќе се применат одредбите од оваа уредба од денот на нејзиното влегување во сила.

Член 15

Ако со Законот за воените инвалиди од војните, со Уредбата за инвалидските принадлежности и со нејзините измени и дополненија, со оваа уредба и со прописите донесени за нивна примена не е пропишано поинаку, при определувањето на правото на инвалидски додаток согласно ќе се применуваат одредбите што важат за остварувањето на правото на додаток на деца.

Член 16

Со денот определен за почеток на применување на оваа уредба престануваат да важат:

1) одредбите на членот 12 став 1 точка 1 од Уредбата за зголемување на платите, на наградите на учениците во стопанството, на инвалидските принадлежности, на пензиите, на инвалиднините и на додатокот на деца („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/55), како и одредбите од членот 12 став 2 точка 2 од истата уредба доколку се однесуваат на инвалидите од I и II група што примаат инвалидски додаток;

2) одредбите од точката 4 став 1, точ. 5, 7, 7а, 16, 18а, 19 став 2, точ. 20, 20а, 20б, 20в, 23 став 2, точ. 24 25, 37 став 3, точ. 39 и 40 на Упатството за примена на Уредбата за инвалидските принадлежности („Службен лист на ФНРЈ", бр. 37/52 и 61/52), како и другите одредби од истото упатство доколку се во спротивност со одредбите од оваа уредба.

Член 17

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1957 година.

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 431
24 декември 1956 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито**, с. р.

**669.**

Врз основа на членот 135 став 2 од Основниот закон за буџетите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/56), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА УРЕДБАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ И ЗА СМЕТКОВОДСТВЕНОТО РАБОТЕЊЕ НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ И УСТАНОВИ

Член 1

Во Уредбата за извршување на буџетот и за сметководственото работење на државните органи и установи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 35/55) во членот 126 се додава нов став 3, кој гласи:

„По исклучок од одредбите на оваа уредба, за градежните работи во вредност поголема од 10 милиони динари отстапувањето на работите се врши според општите прописи за условите и постапката за отстапување на градежните работи и за општите услови за нивна изведба, донесени врз основа на членот 16 став 3 од Уредбата за градење („Службен лист на ФНРЈ", бр. 14/52, 5/54 и 53/56)."

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 434
24 декември 1956 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито**, с. р.

**670.**

Врз основа на одделот II од Одлуката за потврда на уредбите на Сојузниот извршен совет и за натамошната работа на приготвување закони за стопанскиот систем („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/54), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНА НА УРЕДБАТА ЗА ГРАДЕЊЕ

Член 1

Во Уредбата за градење („Службен лист на ФНРЈ", бр. 14/52 и 5/54) во членот 16 ставот 3 се менува и гласи:

„Секретарот за индустрија при Сојузниот извршен совет, во согласност со сојузниот државен секретар за работи на финансиите, ќе ги пропише условите и постапката за отстапување на изведувањето на градежните работи, како и општите услови за нивното изведување."

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 432
24 декември 1956 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито**, с. р.

**671.**

Врз основа на одделот II од Одлуката за потврда на уредбите на Сојузниот извршен совет и за натамошната работа на приготвување закони за стопанскиот систем („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/54), а во врска со членот 3 од Уредбата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 55/53), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ТАРИФАТА ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ

Член 1

Во Тарифата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/56, 19/56, 30/56 и 43/56) во делот А тарифните броеви 12, 22 и 37 се бришат.

Во тар. број 99 наместо даночната основица „38%" се става „36%".

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1957 година.

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 413
18 декември 1956 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито**, с. р.

**672.**

Врз основа на точ. 4 и 8 од одделот 2 и точката 10 од одделот 3 главата XXV од Сојузниот општествен план за 1956 година, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСКЛАДУВАЊЕ ОБЕМОТ НА ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО 1956 ГОДИНА СО РАСПОЛОЖИВИТЕ СРЕДСТВА НА ОПШТИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД

1. Во Одлуката за усклaдување обемот на инвестициите во 1956 година со расположивите средства на Општиот инвестиционен фонд („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/56) во точката VIII по зборовите: „на воената индустрија" се става запирка и се додаваат зборовите: „на далекуводите и трафо-

станиците што ги изградуваат заедниците или претпријатијата на електростопанството а".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 424
21 декември 1956 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Го заменува Секретарот, Потпретседател,
**Велимир Стојниќ**, с. р. **Александар Ранковиќ**, с. р.

## 673.

Врз основа на точката 8 одделот 2 главата XXV на Сојузниот општествен план за 1956 година, Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА
## ЗА НАЧИНОТ НА УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА ШТО СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЌЕ ГИ ПРИМАТ КАКО ОТПЛАТА ПО ЗАЕМОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ОД 1954 ГОДИНА

1. Стопанските организации можат да ги користат средствата што ќе ги примат како отплата на заемот на федерацијата според одредбите на Законот за ликвидација на обврските проистечени од заемот на федерацијата врз основа на Сојузниот општествен план за 1954 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 57/54), на начинот и под условите за користење на средствата за самостојно располагање според одредбите на Одлуката за употреба на средствата за самостојно располагање на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 35/55, 19/56, 31/56 и 32/56).

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 423
21 декември 1956 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Го заменува Секретарот, Потпретседател,
**Велимир Стојниќ**, с. р. **Александар Ранковиќ**, с. р.

## 674.

Врз основа на членот 21 став 2 од Законот за органите на внатрешните работи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 30/56), Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА
## ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ СРЕДСТВА ШТО СЕ ПРЕДВИДУВААТ ВО БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ОДНОСНО НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЗА ОДДЕЛНИ СЛУЖБИ НА ВНАТРАШНИТЕ РАБОТИ

I. Во буџетот на федерацијата, покрај расходите на сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи и на него непосредно подредените му органи и установи, ќе се предвидат и материјални средства за подмирување на следните расходи на службите на внатрешните работи во народните републики односно во народните одбори на околиите:

1) на личните расходи на сите службеници на внатрешните работи што работат на работи на државната безбедност;

2) на патните и селидбените трошоци на службениците од претходната точка;

3) на посебните функционални расходи на службата на државната безбедност подразбирајќи ги тука и нестоковните девизни средства;

4) на трошоците за вооружување на Народната милиција и на другите службеници на внатрешните работи што по службена должност носат оружје;

5) на девизните средства за стоковни плаќања за набавка на техничка опрема за службата на државната безбедност и за криминалистичката служба, со тоа што соодветните динарски средства да се предвидуваат во буџетите на народните републики.

II. Во буџетите на народните републики, покрај расходите на републичкиот државен секретаријат за внатрешни работи и на него непосредно подредените му органи и установи, ќе се предвидат и материјални средства за подмирување на следните расходи на секретаријатите за внатрешни работи на народните одбори на околиите:

1) на личните расходи и на издатоците за патни и селидбени трошоци на сите службеници на Народната милиција;

2) на трошоците за набавка на облека и обувки за службениците од претходната точка и за другите униформирани службеници;

3) на трошоците на криминалистичката служба и на трошоците на кривичната постапка;

4) на трошоците за спроведување на лица.

III. Републичкиот извршен совет може да определи во буџетот на народната република да се предвидат и други материјални средства за службите на внатрешните работи во народните одбори на околиите, како и средства за подмирување на трошоците на овие служби во народните одбори на општините.

IV. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 416
21 декември 1956 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Го заменува Секретарот, Потпретседател,
**Велимир Стојниќ**, с. р. **Александар Ранковиќ**, с. р.

## 675.

Врз основа на членот 137 став 1 од Законот за социјалното осигурување на работниците и службениците и нивните фамилии („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/50) и членот 11 од Законот за спроведување на Уставниот закон, Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ЕДНОКРАТЕН ДОДАТОК НА УЖИВАТЕЛИТЕ НА ПЕНЗИИТЕ И ИНВАЛИДНИНИТЕ

1. Со цел да им се подобри положбата на уживателите на пензиите и инвалиднините пред донесувањето на нови прописи за пензионото осигурување, на уживателите на пензиите и инвалиднините на кои правото на пензија односно инвалиднина им е признаено или ќе им биде признаено за месец јануари 1957 година, ќе им се исплати еднократен додаток во височина од 50% од месечниот износ на законската пензија односно инвалиднина што им припаѓа за месец јануари 1957 година.

2. Како законска пензија односно инвалиднина во смисла на точката 1 од оваа одлука кај уживателите на пензиите и инвалиднините определени според прописите за социјално осигурување на воените лица се зема износот определен според чл. 5 и 11а од Уредбата за социјалното осигурување на воените лица („Службен лист на ФНРЈ", бр. 12/53), а кај уживателите на пензиите и инвалиднините определени според прописите за социјално осигурување на службениците на внатрешните работи износот определен според членот 9 од Уредбата за социјалното осигурување на службениците во ресорот на внатрешните работи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 15/53).

3. Во износот на законската пензија односно инвалиднина не се засметува зголемувањето од 500 динари според Уредбата за зголемување на платите, на наградите на учениците во стопанството, на инвалидските принадлежности, на пензиите, на инвалиднините и на додатокот на деца („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/55).

4. Исплатата на еднократниот додаток ќе се изврши најдоцна со исплатата на пензијата односно инвалиднината за месец февруари 1957 година.

5. Исплатата на еднократниот додаток ќе ја вршат заводите за социјално осигурување надлежни за исплатата на пензиите и инвалиднините, по службена должност, без донесување на формални решенија.

Решение за еднократен додаток се издава само по барање на уживател, заради користење правото на жалба.

6. Еднократниот додаток нема да им се исплати на лицата на кои им припаѓа отпремнина наместо пензија или инвалиднина, на лицата на кои им припаѓа еднократна инвалиднина, како и на лицата на кои пензијата односно инвалиднината им се исплатува во странство.

7. На исплатите извршени на име еднократен додаток нема да се уплати придонес за здравствена заштита на уживателите на пензија и инвалиднина.

8. Објаснувања за применување на оваа одлука ќе дава, по потреба, Сојузниот завод за социјално осигурување.

9. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 417
21 декември 1956 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Го заменува Секретарот, **Велимир Стојниќ**, с. р.
Потпретседател, **Александар Ранковиќ**, с. р.

## 676.

Врз основа на членот 79 став 1 точка 1 од Уставниот закон и членот 3 точка 5 од Уредбата за заемите за инвестиции („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/56), Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ КРАТКОРОЧНИ ПОЗАЈМИЦИ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ЗАЕМИТЕ ОД ОПШТИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД И НА НИВНИТЕ ГАРАНТИ ЗА ПОДМИРУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ СПРЕМА ФОНДОТ

1. Се овластува Југословенската инвестициона банка од расположивите банкарски средства да договара со корисниците на заемите од Општиот инвестиционен фонд и со нивните гаранти краткорочни позајмици за плаќање на обврските спрема Општиот инвестиционен фонд, и тоа на гарантните износи, на учествата во трошоците за инвестиции и на разликата меѓу фактичните и претсметковните трошоци за инвестиции.

2. Краткорочните позајмици се договараат со интересна норма од 6% годишно и со срок за враќање до една година.

3. Краткорочните позајмици се договараат врз подлога на идниот притек на средства што според постојните прописи можат да се употребат за плаќање на гарантните износи, на учествата и на разликата меѓу фактичните и претсметковните трошоци.

4. Во договорот со корисник на позајмица можат да се предвидат средства на корисникот на позајмицата кои првенствено ќе се употребат за отплата на позајмицата, како и право на банката од овие средства да може да врши наплата на стасаниот долг и без претходна согласност од корисникот на позајмицата.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 419
21 декември 1956 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Го заменува Секретарот, **Велимир Стојниќ**, с. р.
Потпретседател, **Александар Ранковиќ**, с. р.

## 677.

Врз основа на точката 11 одделот 3 главата XXV од Сојузниот општествен план за 1956 година, Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ ЗАЕМИ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ СЕЛСКОСТОПАНСКИ ДОМАЌИНСТВА ЧИЈ ИМОТ Е ОШТЕТЕН ОД ПОПЛАВИ ВО 1956 ГОДИНА

1. Народната банка ќе обезбеди износ од 1.100 милиони динари со цел за давање инвестициони заеми без конкурс на индивидуалните селскостопански домаќинства чии градежни објекти се урнати или се оштетени од поплавите настанати во почетокот на 1956 година.

Заемите од претходниот став можат да се користат за набавување градежен материјал за подигнување и поправки на градежните објекти урнати и оштетени од поплави, за плаќање на транспортните трошоци околу преносот на градежниот материјал од урнатите објекти во новото место на престојот, за плаќање услугите на стручната работна рака за подигнување на нови згради, за купување на згради и градилишта од фондот на општонародниот имот, како и за купување згради и градилишта од приватните сопственици со ограничување износот на заемот на износ од 200.000 динари.

2. На домаќинствата без земја (на автоколонистите) чии куќи за живеење се оштетени, а кои се преселуваат во други места, Народната банка може да им одобрува заеми со дополнително укнижување заложните права на зградите што корисниците на заемот ќе ги подигнат во новото место на престојот.

3. На домаќинствата на надворешните и внатрешните колонисти и на новите аграрни интересенти за кои до денот на донесувањето на оваа одлука не е спроведено укнижување правото на сопственост во земјишните книги, Народната банка може да им одобрува заеми на подлога на соло меница, со тоа што корисниците на заемот ќе поднесат изјава, заверена кај надлежниот суд, со која и' даваат право на банката дополнително да го спроведе укнижувањето на заложното право на нивните недвижности што ќе бидат пренесени на нив кога ќе се заврши постапката на аграрната реформа.

4. Ако заемот се одобрува според оваа одлука за купување станбени згради или градилишта од општонародниот имот (точка 1 став 2 од оваа одлука), исплатата на купопродажната цена на народните одбори ќе им се врши според одредбите на Одлуката за начинот на исплатата на народните одбори на паричните средства добиени со продажба на станбени згради од општонародниот имот во рати („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/55).

5. Интересната норма на заемите одобрени во смисла на оваа одлука изнесува 1% годишно, а заемите можат да се одобруваат, по правило, со срок за исплата од 15 години, а по исклучок и со срок за исплата од 20 години.

6. Се овластува сојузниот државен секретар за работи на финансиите да определи во кои случаи заем може да се даде со срок за исплата подолг од 15 години, како и да пропишува поблиски упатства за спроведување на оваа одлука.

7. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Решението за давање заеми на индивидуалните селскостопански домаќинства за набавка на градежен материјал за подигање и поправка на градежните објекти оштетени од поплави во 1956 година, што го донесе Сојузниот извршен совет под Р. п. бр. 262 од 2 јули 1956 година.

8. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ“.

Р. п. бр. 421
21 декември 1956 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Го заменува Секретарот, **Велимир Стојнић**, с. р.
Потпретседател, **Александар Ранковић**, с. р.

## 678.

Врз основа на членот 134 од Уредбата за распределба на вкупниот приход на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 10/56), Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА
## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ АНАЛИТИЧКА ПРОЦЕНКА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

1. Со цел да се воведат порационални методи на наградување и подобра организација на работата, стопанските организации во областа на индустријата, сообраќајот и градежништвото се должни да извршат аналитичка проценка на работните места и на работите.

2. Методите за извршување аналитичка проценка на работните места и на работите ќе ги пропише Секретаријатот за трудот на Сојузниот извршен совет.

3. Аналитичката проценка на работните места и на работите ќе се изврши во етапи, кои ќе ги определи Секретаријатот за трудот на Сојузниот извршен совет.

4. Обрасци и упатства за извршување аналитичка проценка на работните места ќе пропише секретарот за трудот на Сојузниот извршен совет.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ“.

Р. п. бр. 418
21 декември 1956 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Го заменува Секретарот, **Велимир Стојнић**, с. р.
Потпретседател, **Александар Ранковић**, с. р.

## 679.

Врз основа на членот 15 од Уредбата за фондовите за кадрови во стопанството („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 27/56), Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА
## ЗА ОСНОВИЦИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА КАДРОВИ ВО СТОПАНСТВОТО

I. Основица за пресметување придонесот за кадрови во стопанството што го плаќаат стопанските организации е износот на исплатените плати според тарифниот правилник на стопанската организација, а утврдени според времето и ефектот. Кај земјоделските задруги основица за пресметување на овој придонес е износот на исплатените плати според колективниот или поодделните договори.

По исклучок од одредбата на претходниот став, основица за пресметување придонесот за кадрови што го плаќаат трговските и угостителските претпријатија и дуќани, како и продавниците на производните претпријатија, е износот на остварениот промет по одбивањето на данокот на промет. Производните стопански организации што вршат надворешнотрговско работење придонесот го плаќаат на износот на платите според тарифниот правилник.

Основица за пресметување придонесот за кадрови за членовите на селанските работни задруги се нивните заработки што ги остваруваат кај задругите.

Како остварен промет на стопанските организации што вршат надворешнотрговски работи се подразбира вредноста на увезените и извезените стоки франко југословенската граница, изразена во динари по пресметковните курсеви, како и вредноста на направените и користените услуги во странство, изразена во динари по истите курсеви.

Приватните занаетчиски и приватните угостителски дуќани, приватните сопственици на патни моторни возила и приватните бродосопственици што се занимаваат со јавен превоз во поморската и внатрешната пловидба, придонесот за кадрови го плаќаат од основицата спрема која го плаќаат и данокот на доход, и тоа на начинот и во роковите определени за плаќање на тој данок.

II. Придонесот за кадрови го пресметуваат и уплатуваат:

1) индустриските и рударските претпријатија — по нормата од 5%;

2) градежните и монтажните претпријатија — по нормата од 3,5%;

3) селскостопанските организации, шумските стопанства, претпријатијата за експлоатација на шумите, општите земјоделски задруги, специјализираните земјоделски задруги и деловните сојузи на земјоделските задруги, како и занаетчиските стопански организации со средствата во општествена сопственост — по нормата од 2%;

4) стопанските претпријатија на Заедницата на Југословенските пошти, телеграфи и телефони — по нормата од 4%;

5) претпријатијата за долга и голема крајбрежна пловидба, како и претпријатијата „Бродоспас“, „Багер“ и „Јадранска линиска пловидба“ — по нормата од 4%;

6) претпријатијата во состав на Заедницата на Југословенските железници, стопанските претпријатија на речниот сообраќај и стопанските организации на патниот сообраќај — по нормата од 3%;

7) претпријатијата на луките и складиштата, како и сите други претпријатија за мала крајбрежна пловидба — по нормата од 2%;

8) селанските работни задруги — по нормата од 1%;

9) угостителските стопански организации со средствата во општествена сопственост — по нормата од 3‰;

10) трговските стопански организации и продавниците на производните претпријатија — по нормата од 5‰;

11) другите стопански организации — по нормата од 1%.

Ако стопанска организација врши повеќе различни дејности, придонесот за кадрови таа го плаќа по единствената норма која важи за основната дејност што е запишана во регистарот на стопанските организации кај судот.

III. Нормите на придонесот за кадрови определени во точката II на оваа одлука за селскостопанските организации, за земјоделските задруги, за шумските стопанства, за трговските претпријатија на мало и трговските дуќани — вклучувајќи ги тука и продавниците на производните претпријатија, за угостителските претпријатија и дуќани, за занаетчиските претпријатија и дуќани, за комуналните претпријатија и дуќани и за стопанските организации за вршење на административни — интелектуални услуги — се сметаат како минимални. За овие стопански организации републичкиот извршен совет може да пропише и поголеми норми на придонесот за кадрови. Кога републичкиот извршен совет ќе пропише поголеми норми, придонесот за кадрови се пресметува и се плаќа само по тие поголеми норми.

IV. Републичкиот извршен совет ќе ги определи нормите по кои ќе го плаќаат придонесот за кадрови приватните занаетчиски и приватните угостителски дуќани, приватните сопственици на патни моторни возила и приватните бродосопственици што се занимаваат со јавен превоз во поморската и внатрешната пловидба.

V. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1957 година.

Р. п. бр. 427
24 декември 1956 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Го заменува Секретарот, **Велимир Стојниќ**, с. р.
Потпретседател, **Александар Ранковиќ**, с. р.

---

**680.**

Врз основа на членот 16 од Уредбата за општествените инвестициони фондови („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/56) и чл. 3 и 4 од Уредбата за заемите за инвестиции („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/56) Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ ИНВЕСТИЦИОНИ ЗАЕМИ ОД БАНКАРСКИТЕ СРЕДСТВА ПРЕКУ ОПШТИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД ЗАРАДИ НАБАВКА НА ПАТНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА НА ЈАВНИОТ ПАТЕН СООБРАЌАЈ

1. Југословенската инвестициона банка може од банкарските средства најмногу до износот од 1 милијарда динари, а преку Општиот инвестиционен фонд да им одобрува инвестициони заеми на претпријатијата на јавниот патен сообраќај за набавка на патни моторни возила.

2. Заемите од претходниот став се одобруваат со конкурс.

Стопанската организација мора да учествува во трошоците на набавката на моторните возила за кои бара заем најмалку во височина од 30% од вкупниот износ на овие трошоци.

Банката и' одобрува заем на стопанска организација што ќе понуди најповолни услови.

3. Заемите ќе се одобруваат со интересна норма од 3%, а со срок за отплата што не може да биде подолг од 8 години.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 426
24 декември 1956 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Го заменува Секретарот, **Велимир Стојниќ**, с. р.
Потпретседател, **Александар Ранковиќ**, с. р.

---

**681.**

Врз основа на членот 34 точ. 1 и 2 од Уредбата за надворешнотрговското работење („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/55); во врска со членот 7 оддел I алинеја А под а) точка 2 став 4 и алинеја Б точка 2 став 1 од Уредбата за пренесување работите во надлежност на сојузните и републичките органи на управата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/56), Комитетот за надворешна трговија, со согласност од Државниот секретаријат за работи на стоковниот промет, издава

## НАРЕДБА
### ЗА РЕГУЛИРАЊЕ ИЗВОЗОТ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. Се забранува извозот на следните производи:

а) индустриски производи:

од гранката 112 (Производство и преработка на јаглен): јаглен од сите видови;

од гранката 113 (Производство и преработка на нафта): сурова нафта;

од гранката 114 (Црна металургија): старо железо, отпадоци од железо, стар машински лив, железна руда, бело и сурово железо;

од гранката 115 (Обоена металургија): феромолибден, калциум молибдат, концентрат на молибден, концентрат на волфрам, фероволфрам, селен;

од гранката 120 (Хемиска индустрија): вештачки ѓубрива од сите видови, сумпорна киселина, син камен, натриум хидроксид (каустична сода) електролитички;

од гранката 122 (Дрвна индустрија). и гранката 313 (Експлоатација на шумите): обловина, јамско дрво, огревно дрво од костен и иглолисници, целулозно дрво од иглолисници, танинско дрво од костен;

од гранката 123 (Индустрија на дрвесина, целулоза и хартија): хартија и картони (вклучувајќи ги и отпадоците), освен цигарет-папир, рото-хартија и натрон-хартија;

од гранката 125 (Индустрија на кожи и обувки): сурова крупна кожа;

од гранката 127 (Прехранбена индустрија): сите видови брашно, маст, путер, лој, сало, шеќер, крвно брашно, рибино брашно, комбинирана концентрирана храна за добиток, режанки од шеќерна репка, маслени погачи, маслени сачми, трици, меласа, млеко во прав;

б) селскостопански производи:

пченица, јачмен, 'рж, овес, соја, уродица, наполица, маслодајна репка, сончоглед, женски телиња.

2. Комитетот за надворешна трговија, со согласност од Државниот секретаријат за работи на стоковниот промет, може да одобрува одделни производи чиј извоз со одредбите од претходната точка е забранет, по исклучок да можат да се извезат.

3. Извозот на производи што не се споменати во точката 1 на оваа наредба се врши слободно.

Ако Државниот секретаријат за работи на стоковниот промет во текот на годината утврди дека натамошниот извоз на некој производ од претходниот став би можел да доведе до пречекорување на годишната програма на извозот што ќе ја донесе Комитетот за надворешна трговија, а потребите на внатрешниот пазар не дозволуваат такво пречекорување, ќе го извести за тоа Комитетот за надворешна трговија.

Комитетот за надворешна трговија во случајот од претходниот став може да пропише производите наведени во ставот 1 од оваа точка да можат да се извезуваат само по заклучоците што ќе ги потврди Сојузната надворешнотрговска комора и ќе ги утврди мерилата врз основа на кои ќе ги дава комората овие потврди.

4. Претседателот на Комитетот за надворешна трговија, со согласност од Државниот секретаријат за работи на стоковниот промет, може да пропише определени стопански организации да извезат определени количини одделни производи, како и срок до кој треба да го извршат тој извоз.

Сојузната надворешнотрговска комора ќе води евиденција за извршувањето на обврските на одделни стопански организации од претходниот став.

5. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1957 година, кога престанува да важи Решението за забрана на извозот и за контингентирање на производите наменети за извоз („Службен лист на ФНРЈ", бр. 58/55) со сите негови измени и дополненија.

П. бр. 83
7 декември 1956 година
Белград

Претседател
на Комитетот за надворешна трговија,
**Хасан Бркиќ**, с. р.

Другите стопански организации можат да започнат со годишниот попис еден и пол месец пред завршетокот на деловната година.

Како стопанска организација со голем број артикли се смета онаа стопанска организација чиј број на артикли надминува 5.000.

Сите промени во состојбата на средствата и на нивните извори настанати од денот на попишувањето до крајот на деловната година се внесуваат во пописните листи дополнително, врз основа на документите за излез и влез.

## Б. ПРЕДМЕТ НА ПОПИСОТ

VI. Со пописот се утврдува состојбата на основните и обртните средства, како и на изворите на тие средства, односно на побарувањата и обврските затечени во стопанската организација на денот на пописот, без обзир дали ѝ припаѓаат на стопанската организација или се наоѓаат кај неа по некој друг основ (на чување, на послуга, на обработка, на доработка, на преработка, на поправка и сл.). Средствата што не ѝ припаѓаат на стопанската организација се попишуваат во посебни пописни листи.

Покрај тоа, стопанската организација ја искажува состојбата и на оние основни и обртни средства и извори на тие средства што го сочинуваат нејзиниот имот, а што не се затечени во стопанската организација (на пат, во странство, дадени на послуга, на заем, на чување, на обработка, на доработка, на преработка, на поправка и слично). Овие средства се искажуваат во посебни пописни листи.

## В. КОМИСИЈА ЗА ПОПИС

VII. Управниот одбор на стопанската организација односно соодветниот орган на управувањето во организациите што немаат управен одбор, определува со писмен акт од редот на членовите на работниот колектив потребен број комисии за вршење попис, како и срок во кој тие мораат да го завршат пописот. Ако постои за тоа потреба, се формира уште и централна комисија за координација на работата на сите комисии за попис. Со организацијата на работата околу пописот раководи раководителот на сметководството на стопанската организација.

Комисиите за попис, како и централната комисија, имаат претседател и најмалку двајца членови. Претседател и членови на комисијата не можат да бидат раководителот на сметководството, лицата што ракуваат со паричните вредности, ниту лицата што ракуваат со материјалните вредности, како што се складовите, магацините и слично.

Ако во трговскиот дуќан или деловната единица поради малиот број работници и службеници или поради тоа што во смисла на претходниот став членовите на работниот колектив не можат да бидат членови на комисија, органот на управата на народниот одбор на општината надлежен за работите на финансиите го именува оној број членови на комисија кој не може да се пополни од редот на работниците и службениците на дуќанот или на деловната единица.

За попис на сомнителните, спорните, ненаплативите и застарените побарувања, како и на сите други обврски и побарувања, се именува посебна комисија. За претседател и членови на посебна комисија не можат да се определат службеници што водат евиденција за побарувањата и обврските на стопанските организации.

VIII. Членовите на комисијата за попис сносат одговорност за точноста на утврдената состојба на средствата и на изворите на тие средства, за правилното составување на листите, за благовременото извршување на пописот, како и за точноста на извештајот за извршениот попис.

За стопански престап од членот 63 став 3 од Уредбата за книговодството на стопанските организации ќе се казнат членовите на комисијата за попис ако не ја утврдат точно состојбата на средствата и на изворите на тие средства, или ако неправилно ги состават пописните листи или извештајот за извршениот попис.

## Г. ПОДГОТВИТЕЛНИ ДЕЈСТВИЈА ЗА ПОПИС

IX. За да може да се изврши правилно пописот комисиите за попис составуваат план за работа според кој ќе го вршат пописот. Овој план мора да ги содржи сите дејствија што ќе се извршат пред или при пописот. За секое дејствие се определува срок до кој треба да биде завршено, определувајќи ги сроковите така што со пописот да се опфати состојбата на последниот ден од годината, односно од оној период за кој се врши пописот.

Комисијата за попис треба на време да ги подготви сите материјали потребни за попишување. Во обрасците за попис (пописни листи) треба да се внесат називот и видот на средствата, единиците на мерка и номенклатурните броеви за одделни категории материјални вредности, цената, фактичната состојба. Пописните листи треба да се групираат според синтетичките конта на соодветниот пропишан задолжителен распоред на контата (контниот план) односно според распоредот на скратениот контен план. Во рамките на одделни синтетички конта на материјалните вредности (на суровините, на помошните материјали, на недовршеното производство, на полупроизводите, на готовите производи, на ситниот инвентар итн.) треба да се изврши класификација на посебни листи по основните групи на важечката номенклатура. Ако одделни видови материјали се водат во мерки различни од оние што се пропишани во важечката номенклатура, тие треба да се изразат и во мерки според оваа номенклатура.

Пописните листи мораат да бидат сложени и рекапитулирани по поодделни синтетички конта од задолжителниот единствен основен контен план за стопанството, односно од соодветниот скратен контен план. Пописните листи се пополнуваат со копирање во потребен број примероци. Пополнетите пописни листи ги потпишуваат членовите на пописната комисија и ракувачите на попишаните средства.

Основните средства, материјалите, стоките итн. треба пред пописот да се групираат и средат со цел за што полесно и побрзо попишување. При тоа треба да се преземат потребните мерки материјалите правилно да се разместат, да се сортираат по видови и димензии и да се снабдат со номенклатурни картички според номенклатурата што ја употребуваат стопанските организации, за да не дојде до погрешно и неправилно утврдување на фактичната состојба на оделни видови итн.

## Д. ПОПИС

X. Работата на пописот опфаќа:

1) утврдување, мерење, пребројување и поблиско опишување на материјалните вредности во натура и внесување на тие податоци во посебни однапред подготвени обрасци — пописни листи, како и утврдување на другите средства и на нивните извори;

2) парично пресметување — проценка на средствата од претходниот став;

3) утврдување на разликите меѓу попишаните фактични состојби и состојбите искажани во книговодството, како и изнаоѓање на причините за несогласувањето.

Податоците од материјалното книговодство се внесуваат во пописните листи дури по извршениот натурален попис. Раководителот на книговодството не смее да и' дава книговодствени податоци на комисијата додека не се увери дека натуралниот попис на одделни видови е завршен. По завршениот попис можат да се вршат само исправки на очигледни грешки.

### Попис на основните средства

XI. Пописот на основните средства треба да ги опфати сите основни средства: машините, уредите

и инсталациите, средствата на транспортот и на врските, инвентарот, крупниот алат, инструментите, рударските работи и длабинските дупчења, градежните објекти, долгогодишните засади, основните стада, патентите, лиценците итн.

Во основните средства спаѓа целиот сточен фонд, освен добитокот на гоење, кој влегува во обртните средства.

### Попис на инвестициите во тек

XII. Довршените и недовршените инвестициони работи, било да се изведени од други или во сопствена режија, треба да се попишат како и другите основни средства.

При пописот на инвестициите во изградба комисијата треба да утврди дали степента на довршеноста на инвестиционит објект, искажана и наплатена според привремените пресметковни ситуации, ѝ одговара на степента на довршеноста и дали исплатите се извршени правилно. За таа цел комисијата треба да провери дали надлежниот орган правилно ги оверил пресметковните ситуации.

При извршувањето на задачите од претходниот став комисијата може да користи вештаци.

Кај довршените инвестиции и оние кај кои почнала деломична употреба на објектот, треба да се утврди денот кога се завршени инвестициите односно кога почнала употребата.

Пописот на невградениот инвестиционен материјал и на резервните делови се врши на ист начин како и пописот на другите суровини и материјали во смисла на одредбите од точката XIII од ова упатство.

### Попис на суровините и материјалите

XIII. Пописот на суровините и материјалите треба да ги опфати запасите на основните суровини, на набавените полупроизводи и на помошните материјали, како во главните складови така и во привремените складови (во погоните).

Пописот на суровините и материјалите се врши со мерење или со броење. Материјалите што се наоѓаат упакувани во оригинално пакување, а кое е неповредено, не мораат да се отвораат, туку во пописните листи може да се внесе количината врз основа на податоците и документите (фактури, спроводници, приемници и др.).

Количините на кабасти материјали, чие мерење на тежината би создавало големи трошоци и тешкотии, се проверуваат со помошта на надворешно мерење на обемот, на специфичната тежина или на друг годен начин кој мора да биде документиран (товарен лист, документ за приемот итн.). Ако проверувањето се врши со помошта на надворешно мерење на кабастите материјали, потребно е теренот на кој се складираат материјалите да биде претходно правилно нивелиран, а материјалите да бидат сложени во правилни геометриски форми.

При пописот треба особено внимание да и' се обрне на очуваноста на квалитетот на постојните запаси, бидејќи извесни количини суровини, полупроизводи и материјали, поради истекот на срокот за употребливост, за хигроскопност и слично — губат во својот квалитет. Задачата на комисијата за попис е за овие особини на набавените суровини, полупроизводи и материјали да прибави по можност и мислење на вештаци, како при пописот би се утврдил нивниот фактичен квалитет, срокот за употребливост и сл. Овие запаси треба да се искажат посебно во пописните листи.

Комисијата за попис треба да ги попише и оние суровини и материјали што се дадени во производство, но на кои уште не е започната работа до денот на пописот. Овие количини треба книговодствено (про форма) да се прекнижат како да се наоѓаат во складот, но при тоа треба да се води сметка да не се попишат двапати (и во складот и во недовршеното производство).

### Попис на ситниот инвентар и на амбалажата

XIV. Со пописот се опфаќаат: алатот, орудијата, моделите, ауто-гумите, како и сиот друг ситен инвентар што се наоѓа во употреба и во складот. При пописот на ситниот инвентар треба посебно да се искажат количините и вредностите на оние средства што се наоѓаат во складот, а посебно оние количини што се дадени на употреба.

Пописот на алатот, орудијата, моделите, амбалажата и на ситниот инвентар што се наоѓа во складот, се врши во смисла на одредбите од претходната точка на ова упатство.

При пописот на оние средства што се дадени на употреба треба да се провери дали во складот на овие средства постои евиденција за тоа на кого овие материјали му се издадени (реверси, бонови, жетони, маркички и сл.). Врз основа на оваа евиденција ќе се утврди кај кои работници во односните погони се наоѓаат овие средства, во кои количини, димензии итн. Врз основа на така собраните податоци ќе се утврди дали за овој алат, орудија, амбалажа и ситен инвентар се задолжени работниците во погонот. Ако се утврди дека кај одделни работници се наоѓа тој алат и ситен инвентар, а нема ни доказ дека како дотраен му го вратиле на складот, треба тоа да се искаже посебно во пописните листи.

Пописот на ситниот инвентар во експлоатација се врши истовремено во целото претпријатие или барем истовремено во одделен оддел. Ова се постига на тој начин што во определено одделение истовремено ќе започнат со работа доволен број комисии што во најкус срок треба да го извршат пописот на ситниот инвентар што се наоѓа во односното одделение.

При пописот на ситниот инвентар во употреба комисијата мора да води сметка за тоа дали меѓу овој инвентар има дотраен. Дотраениот инвентар треба да се искаже посебно.

### Попис на недовршеното производство

XV. Недовршеното производство се попишува на посебни пописни листи, кои треба да имаат колони спрема елементите на задолжителната калкулација.

Пописот на недовршеното производство во поглед на суровините и материјалите, по правило, треба да се врши со мерење, со броење или на друг годен начин. За таа цел треба да се изврши и хронолошки попис на сите налози што се дадени во производството, а по кои уште не е довршен процесот на производството, односно по кои производството не му е предадено на складот на готови производи.

Како недовршено производство може да се искаже само она производство што од гледиштето на технолошкиот процес на производството е исправно и на кое ќе се продолжи натамошниот процес на производството.

Во одвоени пописни листи се искажува откажаното или запреното производство, некомплетираното производство, потоа она производство што нема да се продолжи во наредната деловна година, како и кршот во недовршеното производство или во делови од истото.

### Попис на готовите производи

XVI. Пописот на запасите на готови производи се врши на ист начин како и пописот на запасите на материјали.

Со пописот се опфаќаат само оние количини готови производи што како завршени производи се примени во складот на готови производи.

При пописот треба да се обрне внимание дали готовите производи според квалитетот се класирани правилно. Комисијата е должна готовите производи на кои срокот за употреба им е временски ограничен да ги попише одвоено од оние на кои срокот за употреба веќе им истекол и од оние кај кои настанала загуба во квалитетот. Како исправни про-

изводи не можат да се искажат овие готови производи кај кои настанала загуба во квалитетот. Такви готови производи се попишуваат посебно.

**Попис на полупроизводите од сопствено производство**

XVII. Пописот на полупроизводите од сопствено производство се врши на ист начин како и пописот на материјалите односно на запасите на готови производи. И овде, како и кај запасите на готови производи, треба да се обрне особено внимание дали готовите полупроизводи се класирани правилно според квалитетот.

**Попис на запасите на стоки во трговијата**

XVIII. За попис на запасите на стоки во трговијата (во претпријатијата, складовите и продавниците) се применува истата постапка како и кај другите запаси на материјални вредности. Со цел за подобра прегледност се врши, по правило, поделба на:

1) исправни стоки;

2) стоки оштетени или со грешка, но способни за продажба;

3) неупотребливи стоки;

4) некурентни стоки.

При пописот на оштетените и неупотребливите стоки треба да се води сметка дали оштетувањето или неупотребливоста настанале во самата стопанска организација, или стоките се примени во таква состојба. Ако стоките се примени такви од други стопански организации и ако рекламацијата е благовремено направена, тоа ќе се искаже посебно во пописните листи. Исто така, ако оштетувањето или неупотребливоста настанале во самата стопанска организација по преземањето на стоките, исто така тоа ќе се искаже во посебни пописни листи.

Пописот на стоките во дуќаните и продавниците во кои се врши продажба на прехранбени продукти треба да се врши вон работното време, за да не се попречува редовното снабдување на потрошувачите.

XIX. За да се опфатат со пописот во потполност сите запаси на материјалните вредности, сите стоки отпремени до денот на пописот на купувачите мораат да се фактурираат и за износот да се задолжи купувачот под ист ден, а најдоцна до последниот ден од годината за која се врши пописот.

Ако продавачот нема потврда за продажбата на стоките поради тоа што тие се отпремени непосредно пред пописот, место потврда за приемот на стоките, отпремата на стоките ќе ја документира со потврда од транспортното претпријатие на кое му се предадени стоките.

Со пописот има да се опфатат сите материјални средства што не и' припаѓаат на стопанската организација, но кај неа се наоѓаат (на чување, на послуга, на преработка, на обработка, на доработка и слично). Овие средства мораат да се искажат во посебни пописни листи. Стопанската организација кај која се наоѓаат средствата е должна еден примерок од пописната листа да и' достави на стопанската организација на која тие средства и' припаѓаат.

За стопански престап од членот 63 од Уредбата за книговодството на стопанските организации ќе се казни стопанска организација како и одговорното лице во стопанската организација ако во срок од 5 дена по завршениот попис не достави еден примерок од пописната листа во смисла на претходниот став.

Исто така, во пописните листи треба да се искажат средствата што и' припаѓаат на стопанската организација, но не се наоѓаат кај неа туку кај друга стопанска организација (на доработка, на преработка, во закуп, на пат, на чување, на поправка и сл.). Состојбата на овие средства се внесува во пописните листи врз основа на соодветната книговодствена состојба односно соодветната документација.

**Попис и утврдување на паричните и на другите форми на обврски и побарувања**

XX. Посебната комисија од точката VII став 4 на ова упатство ќе изврши попис на побарувањата и обврските. Пред почетокот на работата комисијата треба да утврди дали стопанската организација преку доставување изводи извршила меѓусебно усогласување на состојбите на побарувањата и обврските со другите стопански организации и дали од нив добила потврди за согласност на состојбата во книгите. Комисијата треба да утврди дали постои правен основ за секое побарување односно обврска, дали правилно е утврдена височината на побарувањето односно на обврската, како и да ги испита причините зошто наплатата односно исплатата не е извршена на време, дали стопанската организација повела постапка за наплата на побарувањата чиј срок истекол итн. Комисијата треба посебно да го испита секој случај на сомнителни, спорни, ненаплативи и застарени побарувања. Ако комисијата утврди дека одделни побарувања не се ликвидни, дека се ненаплативи или застарени, таа е должна сето тоа да го искаже посебно во својот извештај.

Побарувањата односно обврските за кои не постои уредна документација, комисијата за попис ги искажува одвоено во пописните листи.

За да бидат на време извршени потребните усогласувања, потребно е стопанските организации да им ја испратат на своите должници состојбата на отворените ставки од текуштите сметки, и од своите поверители да побараат соодветна состојба на отворените ставки на долгувањата и побарувањата настанати до денот на пописот. За редовен попис што се врши кон крајот на секоја деловна година овие изводи треба да се доставаат најдоцна до 10 јануари идната година, а за другите случаи во срок од десет дена од денот определен за попис.

За стопански престап од членот 63 на Уредбата за книговодството на стопанските организации ќе се казни стопанската организација како и одговорното лице во стопанската организација што не ќе достави изводи на овие сметки во срокот предвиден во претходниот став.

Во поглед на односот со банката, како и во поглед на другите обврски и побарувања, комисијата е должна да изврши проверување на најцелесообразен начин.

Пописот на готовите пари, на чековите и на странските средства за плаќање се врши со запишување износите добиени со броење. Овие вредности се искажуваат во посебни пописни листи.

## Ѓ. ПРОЦЕНКА НА СРЕДСТВАТА

XXI. Основните средства што стопанската организација ги водела во своите книги на 1 јануари се искажуваат по цената по која тие се водат во книговодството на претпријатието. Проценката на основните средства прибавени во текот на годината, се врши според одредбите на чл. 20—25 од Уредбата за управување со основните средства на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/53, 25/54, 32/54, 7/55 и 11/56).

По исклучок од одредбата на претходниот став основното стадо како дел од сточниот фонд во селското стопанство кое влегува во основните средства, се проценува по цените на пазарот намалени за нормалните трошоци на продажбата, односно по вообичаената цена за таков вид добиток. Така, на пример разен приплоден добиток ќе се инвентарисе според набавната вредност на таков вид добиток.

Пазаришната цена од претходниот став ја утврдува посебна комисија која ја именува началникот на секретаријатот за финансии на народниот одбор на околијата, а која ја сочинуваат: претставници од управата за приходи, од стопанската организација, од трговската комора и еден стручњак од односната струка за која се врши проценката.

Пазаришната цена се утврдува според просечната цена на големо, постигната во месец декември.

Основните средства што при пописот ќе се најдат како вишок и за кои не е позната набавната цена, ќе ги процени комисијата за попис по пазаришната цена на такво основно средство, намалена за степента на истрошеноста.

Инвестиционите работи во тек, било да се изведени од други било во сопствена режија, треба да се искажат во пари според фактично настанатите трошоци до денот со кој се искажува состојбата според пописот.

XXII. Запасите на суровини, на материјали на полупроизводи, на делови и др. без обзир дали потекнуваат од земјата или од странство, се проценуваат по просечните набавни цени на запасите што се наоѓаат во складот на денот со кој се искажува состојбата според пописот.

Стопанските организации што запасите на суровини, на материјали, на набавени полупроизводи, на делови и друго, ги водат по постојаните (планираните) цени, ги искажуваат овие запаси по тие цени, со тоа што преку контото „Исправки на вредноста на материјалите“ ќе ги искажат разликите меѓу запасите по фактичните и по планираните цени по кои овие запаси се проценуваат во смисла на одредбите од ова упатство.

Запасите на суровини, на материјали, на полупроизводи и на делови кај кои е утврдено оштетување на квалитетот и слично, се проценуваат на начинот од претходните ставови, со корекција за процентот на оштетувањето.

XXIII. Ситниот инвентар и амбалажата на запас се проценуваат на начинот од претходната точка.

Ситниот инвентар и амбалажата што се наоѓаат во употреба, се искажуваат по цената по која се водат во книговодството.

Ситниот инвентар и амбалажата во употреба што на денот на пописот се затечени во одделни погони односно на други работни места, а кои до тој ден книговодствено во целост се отпишани, ако преку посебна комисија е утврдено дека уште се употребливи, ќе се проценат со 50% од нивната првобитна вредност.

XXIV. Запасите на готови производи и на полупроизводи од сопствено производство се проценуваат по фактичната цена на чинењето

Запасите на готови производи и на полупроизводи од сопствено производство кај кои на денот на пописот е утврдена загуба во квалитетот, се проценуваат по фактичната цена на чинењето, со корекција за процентот на оштетувањето.

XXV. Незавршеното производство се проценува по фактичната цена на чинењето на незавршеното производство на денот на инвентарисањето. Кон трошоците за суровини и материјали треба да се додадат платите за изработка чија големина се утврдува од работните налози врз основа на евидентираните и пресметаните часови на потрошениот труд. Другите трошоци, како амортизацијата, интересот на основните средства и на обртните средства, трошоците за погонска и управно-продажна режија, се пресметуваат со примена на однапред определените клучеви за нивна расподелба, според кои инаку се врши расподелбата на овие трошоци во текот на деловната година. При тоа треба да се распореди салдото од контото „Исправка на вредноста на недовршеното производство и на полупроизводите“ на недовршеното производство и на готовите производи. На овој начин ќе се утврди фактичната цена на чинењето на недовршеното производство.

Одредбите од претходниот став се однесуваат и на селскостопанските организации.

XXVI. Запасите на трговски стоки се проценуваат или по просечните набавни цени што претходно се зголемени за зависните трошоци на набавката — ако запасите на стоки се водат по набавната цена, или по продажните цени што имаат да се намалат за просечната остварена разлика во цената — ако запасите на стоки се водат по продажната цена.

Стоките за кои при пописот ќе се утврди дека се оштетени или се неупотребливи, ќе се проценат по просечната набавна цена, со корекција за процентот на оштетувањето — по претходната согласност од органите на пазаришниот инспекторат. Стопанските организации се должни овие стоки по така намалената цена и да ги продаваат.

XXVII. Запасите на готови производи, како и на материјали за репродукција од сопствено производство кај селскостопанските организации, се проценуваат по пазаришните цени намалени за нормалните трошоци на продажбата.

Пазаришните цени за запасите од претходниот став ги утврдува комисијата определена според одредбата на точката XXI од ова упатство.

XXVIII. Шкартот и отпадокот попишан кај сите категории материјални вредности, се искажува по онаа цена која за него може да се постигне на пазарот.

## Е. ЕЛАБОРАТ ЗА ИЗВРШЕНИОТ ПОПИС

XXIX. По извршениот попис комисијата за попис е должна да состави исцрпен елаборат за резултатите на извршениот попис и тој елаборат да му го достави на управниот одбор на стопанската организација.

Елаборатот за извршениот попис содржи: пописни листи и извештај од пописната односно централната комисија за извршениот попис.

Пописните комисии се должни во пописните листи да ја внесат со пописот утврдената состојба на сите материјални вредности, а исто така и состојбата по евиденциите на книговодството на стопанската организација. Бидејќи врз основа на пописната состојба е извршено парично пресметување (утврдување на цените), комисијата ќе ги утврди кусоците односно вишоците во сите категории материјални вредности изразени во натурални показатели.

Комисијата за попис е должна да ги испита причините поради кои дошло до кусоци односно вишоци, како и да испита зошто стоките на запас се оштетени, неупотребливи или се со послаб квалитет, и дали до ова дошло по вина на стопанската организација кај која се наоѓа запасот. Комисијата треба да утврди дали стопанската организација благовремено извршила рекламација за оние количини стоки што ги примила како неупотребливи, оштетени или со грешки.

Извештајот од комисијата треба да содржи мислење за утврдените кусоци односно вишоци, како и предлог за начинот на книжење на утврдените кусоци односно вишоци, за начинот на ликвидација на разликата настаната кај стоките што изгубиле во квалитетот, мислење за запреното производство, шкартот, отпадоците, за сомнителните, спорните, ненаплативите и застарените побарувања итн. Комисијата е должна во својот извештај да ги изнесе забелешките и изјавите на поодделни ракувачи на материјалните вредности со кои тие ги правдаат утврдените разлики меѓу состојбата утврдена со пописот и книговодствената состојба, како и други забелешки. Извештајот од комисијата треба исцрпно да ги разјасни случаите на оние вишоци односно кусоци што настанале како последица на можни грешки поради замена на поодделни видови истородни материјали, алати, орудија, инвентар и слично, како и поради замена на димензиите.

Комисијата исто така е должна да предложи мерки со цел на отстранување на утврдените недостатоци во набавно-продажната служба и во материјалното работење на стопанската организација.

## Ж. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ЕЛАБОРАТОТ ЗА ПОПИСОТ И ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКА ОД СТРАНА НА РАБОТНИЧКИОТ СОВЕТ ОДНОСНО ОД ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕТО

XXX. Кога управниот одбор на стопанската организација ќе го разгледа елаборатот за извршениот попис, на работничкиот совет ќе му поднесе извештај и мислење за извршениот попис. Откако ќе ги прими елаборатот за извршениот попис, извештајот од управниот одбор и изјавата од ракувачот на материјалните вредности, работничкиот совет односно органот на управувањето на стопанската организација ги разгледува тие на посебна седница. На оваа седница треба да присуствуваат и членовите на пописната комисија.

По извршеното разгледување на материјалите од претходниот став работничкиот совет односно органот на управувањето одлучува:

1) за начинот на ликвидација на утврдените кусоци на материјалните и други вредности;

2) за начинот на књижење на утврдените вишоци на материјалните и други вредности;

3) за височината на отписот исправките на вредностите на сомнителните и спорните побарувања, како и на ненаплативите и застарените побарувања;

4) за расходувањето на оние материјални средства чија употреба е сврзана за срок, ако срокот за употреба поминал;

5) за признавањето на калото, растурот односно кршот;

6) за начинот на ликвидација на разликите поради намалување квалитетот на суровините, на полупроизводите, на готовите производи, на трговските стоки итн.

Работничкиот совет може да ги признае оние износи на калото, растурот односно кршот што инаку можат да се сметаат за реални и нормални со оглед на специфичноста на работењето на стопанската организација, на временскиот период за кој се признаваат овие разлики, на општите услови на чувањето и ракувањето со одделни материјални вредности, до границата на определените проценти што ги утврдил работничкиот совет на почетокот на годината.

Ако работничкиот совет при разгледувањето на елаборатот за пописот утврди дека некои работници и службеници на стопанската организација се одговорни за утврдените кусоци на материјалните и други вредности, за загубата во квалитетот на материјалните вредности, за прекумерното кало, растур или крш, како и за ненаплативоста или застареноста на побарувањата и друго, ќе одлучи за мерките што ќе се преземат против нив.

Кон елаборатот за извршениот попис се приложуваат записниците од седниците на управниот одбор и работничкиот совет односно на органот на управувањето на стопанската организација на кои е разгледуван елаборатот за извршениот попис, како и заверен препис од сите решенија донесени врз основа на одлуките на работничкиот совет односно на органот на управувањето.

Рекапитулацијата на пописот извршен на крајот на деловната година му се доставува на органот на кој му се поднесува завршната сметка на стопанската организација, и тоа во срок од 5 дена по завршената седница на работничкиот совет односно на органот на управувањето на стопанската организација, а најдоцна до 31 јануари по истекот на годината за која се врши пописот.

## З. ПОСТАПКА НА КНИЖЕЊЕТО ПО РЕШЕНИЈАТА ДОНЕСЕНИ ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКИТЕ НА РАБОТНИЧКИОТ СОВЕТ ИЛИ НА ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕТО НА СТОПАНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

XXXI. Врз основа на решенијата донесени врз основа на одлуките на работничкиот совет или на органот на управувањето, стопанските организации ќе го спроведат книжењето онака како што е пропишано во точ. XXXII—XXXIX од ова упатство.

XXXII. Неотпишаната вредност на основните средства за чиј кусок ќе се утврди при инвентарисањето одговорноста на поодделно лице, се книжи привремено на товар на одговорното лице како спорно побарување, додека не се расправи тоа. На ист начин се постапува и во случај на утврден кусок во запасите на уреди, резервни делови и материјали за инвестиции (конто 04 — Инвестиции во тек).

Ако кусокот во основните средства настанал поради виша сила, а не постоела обврска тие основни средства да се осигурат, стопанската организација се раздолжува за намалувањето или за потполната загуба на нивната вредност на тој начин што за износот на настанатата штета се задолжува контото 90 — Основни средства, и контото 09 — Исправки на вредноста на основните средства, во корист на контото 00 — Основни средства.

Вишокот на основните средства најден при пописот, се книжи во корист на контото 90 — Фонд на основните средства, а износот на соодветниот отпис — во корист на контото 09 — Исправка на вредноста на основните средства, додека за вкупната вредност се задолжува соодветното аналитичко конто во рамките на синтетичкото конто 00 — Основни средства.

Вредноста на утврдениот вишок на инвестиционите материјали (конто 04 — Инвестиции во тек) му се одобрува на соодветното конто на финансирањето на инвестициите, додека за проценетата вредност се задолжува соодветното аналитичко конто во рамките на синтетичкото конто 04 — Инвестиции во тек.

XXXIII. Кај сточниот фонд што спаѓа во основното стадо, треба посебно да се искаже разликата што се јавува меѓу состојбата на почетокот и состојбата на крајот на деловната година поради различни цени, а посебно — зголемувањето и намалувањето на количината на односниот квалитет на добитокот на крајот на деловната година во однос на почетокот на деловната година, со тоа ова зголемување или намалување да се пресмета по пазаришните цени на крајот на годината. Разликата во износот меѓу состојбата во книговодството и состојбата пресметана врз основа на пазаришната цена при пописот, се книжи на контата: „Основни средства" и „Фонд на основните средства".

Меѓутоа, разликата меѓу состојбата на сточниот фонд на почетокот на деловната година и состојбата на сточниот фонд на крајот на деловната година, пресметана во двата случаи по пазаришната цена на крајот на деловната година ако е во прашање зголемување на сточниот фонд, се пресметува од сопствените средства наменети за инвестиции односно од инвестициониот кредит. Ако селскостопанската организација нема достаточно средства за инвестиции ниту инвестиционен кредит, таа може така остварениот приход да го реализира со продажба на вишокот на сточниот фонд.

Селскостопанската организација кај која ќе се појави намалување на сточниот фонд, ако до тоа намалување дошло по вина на поединец, го товари привремено одговорното лице како со спорно побарување, додека не се расправи.

XXXIV. Утврдените кусоци, оштетувањето на квалитетот и слично кај суровините, материјалите, полупроизводите, готовите производи и трговските стоки, за кои работничкиот совет донесол одлука дека треба да се наплатат од одговорните лица, се книжат привремено на товар на тие лица како спорни побарувања, додека не се расправат.

Другите кусоци настанати со стек на разни околности — елементарни штети, виша сила и слично — се книжат на товар на вонредните расходи.

Стопанските организации што своите запаси ги водат по својата планирана цена на чинењето, ќе извршат истовремено и потребни книжења на контото „Исправка на вредноста".

Сите вишоци на материјалните вредности, без оглед на причините на настанувањето, се книжат во корист на вонредните приходи.

Утврдените вишоци не смеат да се пребиваат со утврдените кусоци, освен во случај на очигледна замена на одделни слични видови материјални вредности.

XXXV. Кај недовршеното производство чие запирање дошло како резултат на нормално работење на стопанската организација, а кое производство нема да се продолжи, разликата на вредноста на тоа производство, по одбивање на материјалите што се проценуваат како отпадок, се става на товар на вонредните расходи.

Ако до запирање на производството дошло по вина на поединец, разликата од претходниот став се книжи привремено на товар на одговорното лице како спорно побарување, додека не се расправи тоа.

XXXVI Утврдениот прекумерен шкарт, крш, или растур до кој дошло по вина на поединец, се книжи привремено на товар на одговорното лице како спорно побарување, додека не се расправи тоа.

XXXVII. За вредноста на ситниот инвентар што е отпишан во целост, а кој комисијата за попис го проценила како употреблив (точка XXIII став 3), се задолжува контото 36 — Ситен инвентар и амбалажа, во корист на контото 78 — Вонредни приходи

XXXVIII Ненаплативите и застарените побарувања чија ненаплативост или застареност настанала по вина на поединец, се книжат привремено на товар на одговорното лице како спорно побарување, додека не се расправи тоа

Во поглед на книжењето на застарените побарувања за чија наплата не се преземени мерки, ќе се постапи според важечките прописи.

XXXIX. Процентот на исправката на вредноста на сомнителните и спорните побарувања што ги утврдил работничкиот совет, се книжи на товар на вонредните расходи, во корист на посебното аналитичко конто „Исправки на вредноста на побарувањата во спор и на сомнителните побарувања".

## S ВОНРЕДЕН ПОПИС

XL. За вршење вонреден попис согласно ќе се применуваат одредбите од ова упатство што важат за вршење редовен попис

## И. КОНТРОЛА НАД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОПИСОТ

XLI. Органите на надлежните инспекторати (финансискиот, девизниот, пазаришниот и др.) ќе вршат контрола дали комисиите за попис и стопанските организации во постапката на пописот во сето се придржуваат за одредбите на ова упатство.

## Ј. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

XLII. По исклучок од одредбата на точката 5 од ова упатство, големите стопански организации што постојано во текот на годината вршат попис преку специјално определени лица (организирано континуирано инвентарисање), не се должни за 1956 година да вршат повторно натурален попис на запасите на оние материјални вредности што во текот на годината биле пописшани. Овие стопански организации се должни и на крајот на 1956 година да извршат попис на недовршеното производство онака како што е тоа пропишано со ова упатство.

Исто така, стопанските организации што во текот на 1956 година ги воделе своите запаси по просечните пондерирани цени, можат запасите на суровините, на материјалите и на набавените полупроизводи и делови за таа година да ги искажат по тие цени или по просечните набавни цени (точка XXII од ова упатство).

Ако стопанските организации во текот на 1956 година не вршеле просечно пресметување на цените, туку своите запаси ги воделе по набавните цени, по исклучок можат на крајот на 1956 година цената на одделен артикал да ја утврдат на тој начин што вкупниот збир на вредностите на тој артикал ќе го поделат со количината затечена на крајот на годината.

LIII. Ако стопанските организации до денот на влегувањето во сила на ова упатство веќе формирале комисии за вршење попис за 1956 година, според одредбите од ова упатство нема да формираат нови комисии, освен посебна комисија за попис на сомнителните, спорните, ненаплативите, застарените и другите обврски и побарувања.

XLIV. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", на кој ден престанува да важи Упатството за спроведување на пописот (инвентарисањето) кај стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/54, 13/55 и 57/55).

Бр. 17602
18 декември 1956 година
Белград

Државен секретар
за работи на финансиите,
**Авдо Хумо**, с. р.

---

**684.**

Врз основа на точката 2 од Решението за начинот на продажба на странски средства за плакање за купување стоки за широка потрошувачка и за начинот на утврдување разликата во цените за овие стоки („Службен лист на ФНРЈ", бр. 42/56), Комитетот за надворешна трговија донесува

## РЕШЕНИЕ

## ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ВИДОВИТЕ СТОКИ И ЗА КОЕФИЦИЕНТИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ РАЗЛИКАТА ВО ЦЕНИТЕ ПРИ УВОЗОТ НА СТОКИ ЗА ШИРОКА ПОТРОШУВАЧКА

I. Во Решението за видовите стоки и за коефициентите за пресметување разликата во цените при увозот на стоки за широка потрошувачка („Службен лист на ФНРЈ", бр. 50/56) во точката I се врши следното дополнение:

По текстот на гранката 126 (Индустрија на гума) се додава гранката 127 (Прехранбена индустрија) со текстот што гласи:

„Грана 127 (Прехранбена индустрија)

| | коефицијент |
|---|---|
| 1. Кафа | 2,40 |
| 2. Чај | 2,50 |
| 3. Бибер | 3,00 |
| 4. Ванила | 2,00 |
| 5. Остали зачини | 2,50 |
| 6. Со | |
| а) морска | 2,20 |
| б) камена | 2,90 |
| 7. Бакалар | 1,30 |
| 8. Млеко у праху | 1,00 |
| 9. Јаја у праху | 1,00 |
| 10. Маслине | 1,30 |
| 11. Лимуни | 1,60 |
| 12. Поморанџе и мандарине | 2,00 |
| 13. Банане | 1,80 |
| 14. Урме | 1,30 |
| 15. Суво грожђе | 1,50 |
| 16. Остало јужно воће | 2,00 |
| 17. Остали прехранбени производи | 2,00" |

II. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

П. бр. 93
19 декември 1956 година
Белград

Претседател
на Комитетот за надворешна трговија,
**Хасан Бркиќ**, с. р.

685.

Врз основа на членот 34 став 1 од Уредбата за надворешнотрговското работење („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/55), а во врска со членот 7 оддел I алинеја А под а) точка 2 став 4 од Уредбата за пренесување работите во надлежност на сојузните и републичките органи на управата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/56), Комитетот за надворешна трговија, со согласност од Државниот секретаријат за работи на стоковниот промет, донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ИЗМЕНА НА РЕШЕНИЕТО ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КОНТИНГЕНТИТЕ ЗА УВОЗ НА НЕКОИ ПРОИЗВОДИ

1. Во Решението за утврдување на контингентите за увоз на некои производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 9/56) во одделот I точка 2 се менуваат алинеите под а) и б) и гласат:

„а) старо железо — — — — 32.000 тони

б) руда за фришовање — — 70.000 тони".

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

П. бр. 91
11 декември 1956 година
Белград

Претседател
на Комитетот за надворешна трговија,
**Хасан Бркиќ**, с. р.

686.

Врз основа на точката 1 став 3 од Одлуката за пресметување разликата во цените при увозот и извозот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/55), а во врска со членот 7 оддел I алинеја А под а) точка 6 од Уредбата за пренесување работите во надлежност на сојузните и републичките органи на управата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/56), Комитетот за надворешна трговија донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА СПИСОКОТ ЗА ВИДОВИТЕ СТОКИ И УСЛУГИ И ЗА КОЕФИЦИЕНТИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ РАЗЛИКАТА ВО ЦЕНИТЕ ПРИ УВОЗОТ

1. Во Списокот за видовите стоки и услуги и за коефициентите за пресметување разликата во цените при увозот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 50/54, 27/56 и 44/56) во гранката 117 (Металопреработувачка индустрија) по редниот број 151 се додава нов реден број 152, кој гласи:

„152. Пиштољи и резервни делови за пиштољe . . . . коефициjент 1,50".

2. Одредбите од ова решение ќе се применуваат на работите склучени од денот на влегувањето во сила на ова решение.

3. Ова решение влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

П. бр. 98
17 декември 1956 година
Белград

Претседател
на Комитетот за надворешна трговија,
**Хасан Бркиќ**, с. р.

687.

Врз основа на членот 14 од Уредбата за измени и дополненија на Уредбата за платите на работниците и службениците на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/54), Централното веќе на Сојузот на синдикатите на Југославија донесува

ОДЛУКА

ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СИНДИКАЛНИ ОРГАНИ ШТО УЧЕСТВУВААТ ВО ДОНЕСУВАЊЕТО И ДАВАЊЕТО СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФНИТЕ ПРАВИЛНИЦИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

1. Во Одлуката за определување синдикални органи што учествуваат во донесувањето и давањето согласност на тарифните правилници на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 4/55 и 55/55) во точката 2а се додава нов став 2, кој гласи:

„За претпријатијата на електростопанството здружени во заедниците на електростопанските претпријатија на Народна Република Македонија и на Народна Република Црна Гора, во донесувањето односно давањето согласност на тарифните правилници учествува Централниот одбор на синдикатите на металските работници на Југославија."

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 3461
15 декември 1956 година
Белград

Претседател
на Централното веќе на Сојузот на синдикатите на Југославија,
**Ѓуро Салај**, с. р.

688.

Врз основа на членот 6 од Уредбата за југословенските стандарди, за сојузните прописи за квалитетот на производите и за производителните спецификации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 17/51), Сојузната комисија за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ВИЈЦИ И НАВРТКИ

1. Во издание на Сојузната комисија за стандардизација се донесува следниот југословенски стандард:

Технички прописи за изработка и испорака на вијци и навртки — — — JUS M.B1.021

2. Наведениот југословенски стандард објавен е во посебно издание, кое е составен дел од ова решение.

3. Овој југословенски стандард влегува во сила на 1 март 1957 година.

Бр. 4624
14 декември 1956 година
Белград

Претседател
на Сојузната комисија за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

689.

Врз основа на членот 6 од Уредбата за југословенските стандарди, за сојузните прописи за квалитетот на производите и за производителните спецификации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 17/51), Сојузната комисија за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЧЕЛИЧНИ ЛИМОВИ

1. Во издание на Сојузната комисија за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

| | |
|---|---|
| Челични лимови дебели — Технички прописи за изработка и испорака | JUS C.B4.012 |
| Челични лимови средни — Технички прописи за изработка и испорака | JUS C.B4.015 |
| Челични лимови дебели — Димензии и толеранции — — — — — — | JUS C.B4.110 |
| Челични лимови средни — Димензии и толеранции — — — — — — | JUS C.B4.111 |

2. Наведените југословенски стандарди објавени се во посебно издание на Сојузната комисија

за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Овие југословенски стандарди влегуваат во сила на 1 февруари 1957 година.

Бр. 4625
14 декември 1956 година
Белград

Претседател
на Сојузната комисија за
стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

**690.**

Врз основа на членот 6 од Уредбата за југословенските стандарди, за сојузните прописи за квалитетот на производите и за производителните спецификации („Службен лист на ФНРЈ", бр 17/51), Сојузната комисија за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ИЗРАБОТКА И ИСПОРАКА НА МАШИНСКИ НОЖЕВИ, ГЛОДАЛА, СПИРАЛНИ БУРГИИ, РАЗВРТУВАЧИ И ВПУШТУВАЧИ, ВРЕЗНИЦИ И НАРЕЗНИЦИ И ПРСТЕНЕСТИ ЕЛАСТИЧНИ ПОДЛОШКИ

1. Во издание на Сојузната комисија за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

| | |
|---|---|
| Технички прописи за изработка и испорака на машински ножеви — — | JUS K.C.1.005 |
| Технички прописи за изработка и испорака на глодала — — — — — | JUS K.D.2.010 |
| Технички прописи за изработка и испорака на спирални бургии — — | JUS K.D.3.010 |
| Технички прописи за изработка и испорака на развртувачи и впуштувачи — — — — — — — — — | JUS K.D.3.110 |
| Технички прописи за изработка и испорака на врезници и нарезници | JUS K.D.6.010 |
| Технички прописи за изработка и испорака на прстенести еластични подлошки — — — — — — — — | JUS M.B.2.100 |

2. Наведените југословенски стандарди се објавени во посебно издание на Сојузната комисија за стандардизација, што е составен дел на ова решение.

3. Овие југословенски стандарди влегуваат во сила на 1 февруари 1957 година.

Бр. 4623
14 декември 1956 година
Белград

Претседател
на Сојузната комисија за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

**691.**

Врз основа на членот 6 од Уредбата за југословенските стандарди, за сојузните прописи за квалитетот на производите и за производителните спецификации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 17/51), Сојузната комисија за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЗАШТИТНИ РАКАВИЦИ

1. Во издание на Сојузната комисија за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

| | |
|---|---|
| Лични заштитни средства — Кожа за изработка на заштитни ракавици и на слични производи — — — | JUS G.B1.040 |
| Лични заштитни средства — Ракавици за заварувачи — — — — | JUS G.B2.001 |
| Лични заштитни средства — Обични кожни заштитни ракавици — — — | JUS G.B2.002 |
| Лични заштитни средства — Кожни заштитни ракавици со челични плочички или заковки — — — — | JUS G.B2.003 |
| Лични заштитни средства — Технички гумени ракавици — — — — | JUS G.D1.001 |
| Лични заштитни средства — Азбестна тканина за изработка на ракавици и на слични производи — — | JUS F.C3.001 |
| Лични заштитни средства — Ракавици од азбест — — — — — — | JUS F.C1.004 |

2. Наведените југословенски стандарди објавени се во посебно издание на Сојузната комисија за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Овие југословенски стандарди влегуваат во сила на 1 февруари 1957 година.

Бр. 4626
14 декември 1956 година
Белград

Претседател
на Сојузната комисија
за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

**692.**

Врз основа на членот 6 од Уредбата за југословенските стандарди, за сојузните прописи за квалитетот на производите и за производителните спецификации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 17/51) Сојузната комисија за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА КОШНИЧАРСКО-ПЛЕТАРСКИ ПРОИЗВОДИ

1. Во издание на Сојузната комисија за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

| | |
|---|---|
| Кошница за долна облека — овална | JUS D.L.2.020 |
| Кошница за долна облека — четириаголеста — — — — — — — | JUS D.L.2.021 |
| Кошница за долна облека — тркалезна — — — — — — — — — | JUS D.L.2.022 |
| Кошница за долна облека — мала | JUS D.L.2.023 |
| Кошница за на пазар (Холендер) — | JUS D.L.2.024 |
| Детска кошница за на пазар (Холендерица) — — — — — — — | JUS D.L.2.025 |
| Кошница за на пазар (нирнбершка) | JUS D.L.2.026 |
| Кошница за на пазар (коцкарица) — | JUS D.L.2.027 |
| Кошница за на пазар (Зденка) — — | JUS D.L.2.028 |
| Кошница за на пазар (Ерика) — — | JUS D.L.2.029 |
| Кошница за на пазар (Базлерка) — | JUS D.L.2.030 |
| Кошница за овошје — — — — | JUS D.L.2.031 |
| Кошница за овошје — — — — | JUS D.L.2.032 |
| Кошница за овошје — — — — | JUS D.L.2.033 |
| Кошница за овошје — — — — — | JUS D.L.2.034 |
| Кошница за памук (Пасмача) — — | JUS D.L.2.035 |
| Кошница за отпадоци на хартија — | JUS D.L.2.036 |
| Кошница за отпадоци на хартија — | JUS D.L.2.037 |
| Кошница за отпадоци — — — — | JUS D.L.2.038 |
| Кошница за овошје (Бушел) — — | JUS D.L.2.039 |
| Патничка кошница (Шампањерка) — | JUS D.L.2.040 |
| Кошница за на пазар (Јапонка) — | JUS D.L.2.041 |
| Торба за на пазар — — — — — | JUS D.L.2.042 |
| Торба за на пазар — — — — — | JUS D.L.2.043 |
| Торба за на пазар — — — — — | JUS D.L.2.044 |
| Торба за на пазар — — — — — | JUS D.L.2.045 |
| Кошница за леб — тркалезна — — | JUS D.L.4.020 |
| Кошница за леб — тркалезна — — | JUS D.L.4.021 |

| | |
|---|---|
| Кошница за леб — овална — — — | JUS D.L.4.022 |
| Послужавник — овален — — — | JUS D.L.4.023 |
| Детска кошничка (Нада) — — — | JUS D.L4.024 |
| Кошница за кучиња — — — — | JUS D.L.4.025 |

2. Наведените југословенски стандарди се објавени во посебно издание на Сојузната комисија за стандардизација, што е составен дел на ова решение.

3. Овие југословенски стандарди влегуваат во сила на 1 февруари 1957 година.

Бр. 4622
14 декември 1956 година
Белград

Претседател
на Сојузната комисија за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

---

По извршеното сравнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Одлуката за давање премии за количините на јаглен произведени над предвидените количини производство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 50/56) се поткраднала долу наведената грешка, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ ПРЕМИИ ЗА КОЛИЧИНИТЕ НА ЈАГЛЕН ПРОИЗВЕДЕНИ НАД ПРЕДВИДЕНИТЕ КОЛИЧИНИ ПРОИЗВОДСТВО

Во точката 6 во првиот ред место зборот „испорачани" треба да стои „исплатени".

Од Сојузниот извршен совет, 8 декември 1956 година, Белград.

# УКАЗИ

Претседателот на Републиката, врз основа на членот 71 точка 4 од Уставниот закон, а на предлог од Државниот секретар за надворешни работи, донесува

## УКАЗ

### ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТ НА ИЗВОНРЕДНИОТ ПРАТЕНИК И ОПОЛНОМОШЕН МИНИСТЕР НА ФНРЈ ВО УНГАРИЈА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШЕН АМБАСАДОР НА ФНРЈ ВО УНГАРИЈА

I

Се отповикува

Далибор Солдатиќ од должноста извонреден пратеник и ополномошен министер на Федеративна Народна Република Југославија во Унгарија.

II

Се назначува

Јово Капичиќ, досегашен државен советник во Државниот секретаријат за надворешни работи, за извонреден и ополномошен амбасадор на Федеративна Народна Република Југославија во Унгарија.

III

Државниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 20
11 декември 1956 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз-Тито, с. р.**

# РЕШЕНИЈА

Врз основа на членот 39 од Законот за државната управа, а во врска со членот 26 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет, Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА СЕКРЕТАРОТ ЗА ТРУДОТ НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

Се назначува за помошник на секретарот за трудот на Сојузниот извршен совет Спасоје Велимировиќ, државен советник во Сојузниот завод за стопанско планирање.

Б. бр. 2334
11 декември 1956 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар,
**Вељко Зековиќ**, с. р.

Потпретседател,
**Александар Ранковиќ**, с. р.

# ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА НАРОДНИТЕ РЕПУБЛИКИ

### СЛУЖБЕНИ ГЛАСНИК НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ СРБИЈЕ

„Службени гласник Народне Републике Србије" во бројот 55 од 8 декември 1956 година објавува:

**Одлука** за употреба на средствата од инвестиционите фондови на автономните единици;

**Одлука** за определување процент од делот на добивката на градежните и монтажните претпријатија, на претпријатијата за експлоатација на шуми и на претпријатијата за истражувачки работи што се издвојува за општествениот инвестиционен фонд на околијата;

**Одлука** за определување орган за давање согласност на одобрените завршни сметки на стопанските организации чиј основач е Извршниот совет;

**Одлука** за определување новогодишни награди на службениците и работниците на републичките државни органи и установи;

**Решение** за пренесување реонските станици за заштита на растенијата во надлежност на народните одбори на околиите;

**Решение** за измени и дополненија на Решението за основање реонски секции за заштита на земјиште од ерозија и за уредување на пороите во Ниш, Књажевац и Краљево;

**Решение** за измени и дополненија на Решението за основање Реонска секција за заштита на земјиште од ерозија и за уредување на пороите во Владичин Хан;

**Решение** за основање на „Службен гласник" како издавачка установа;

**Правилник** за ветеринарната контрола на прометот на сурови животински кожи од подрачје заразено од прострел и за нивното складирање;

**Соопштение** од Секретаријатот за стоковниот промет на Извршниот совет на НРС.

Во бројот 56 од 15 декември 1956 година објавува:

**Уредба** за основање на управни училишта;

**Одлука** за привремениот начин на основање органи на непосредното управување со Високата школа за физичко воспитување во Белград;

**Решение** за дополнение на Решението за основање технички секции за патишта;

**Решение** за категоризација на патот Рудница—Копаоник;

**Соопштение** од Секретаријатот за стоковниот промет на Извршниот совет на НРС.

## НАРОДНЕ НОВИНЕ СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ ХРВАТСКЕ

„Народне новине", службени лист Народне Републике Хрватске, во бројот 67 од 24 ноември 1956 година објавуваат:

**Решение** за основање Општинска ветеринарна станица во Раковица како установа со самостојно финансирање;

**Решение** за распишување дополнителни избори на Народниот одбор на општината Пешкеница;

**Решение** за распишување дополнителни избори на Народниот одбор на општината Врпоље;

Во бројот 68 од 27 ноември 1956 година објавуваат:

**Решение** за основање Здравствена станица Водњан;

**Решение** за основање Центар за економска анализа, ревизија и книговодство — Реметинец;

**Решение** за распишување дополнителни избори на НО на општината Мотовун.

Во бројот 69 од 28 ноември 1956 година немаат службен дел.

Во бројот 70 од 7 декември 1956 година објавуваат:

**Решение** за поделба на шумските предели во разреди со оглед на трошоците на извозот.

Во бројот 71 од 13 декември 1956 година објавуваат:

**Решение** на Републичката изборна комисија за распишување гласање за отповик на народен пратеник;

**Решение** за основање Здравствена станица Доња Дубрава;

**Решение** за дополнителните избори на НО на општината Чрномерец и Максимир.

## УРАДНИ ЛИСТ ЉУДСКЕ РЕПУБЛИКЕ СЛОВЕНИЈЕ

„Урадни лист Људске Републике Словеније" во бројот 43 од 28 ноември 1956 година објавува:

**Одлука** за доделување новогодишна награда на службениците и работниците на републичките државни органи и установи.

Во бројот 44 од 6 декември 1956 година објавува само одлуки на народните одбори.

## СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ БОСНЕ И ХЕРЦЕГОВИНЕ

„Службени лист Народне Републике Босне и Херцеговине" во бројот 26 од 23 ноември 1956 година објавува:

**Указ** за прогласување на Законот за укинување на членот 7 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир;

**Уредба** за оснивање Секретаријат за народна одбрана на Извршниот совет на НР БиХ;

**Уредба** за утврдување прописите на републичките извршни и управни органи што престанале да важат;

**Одлука** за управување со Републичкиот ловечки фонд;

**Одлука** за спојување населените места Вареш и Вареш Мајдан под едно име;

**Одлука** за преземање на Народната библиотека во Сараево во Буџетот на НР БиХ;

**Одлука** за определување орган за давање согласност на прописите за прекршоци на републичките органи на управата и на републичките совети;

**Одлука** за овластување Советот за култура на НР БиХ за потврдување правилата на Радио-Сараево;

**Решение** за назначување секретар за народна одбрана на Извршниот совет на НР БиХ;

**Решение** на Изборната комисија на НР БиХ за распишување дополнителни избори за избирање народен пратеник на Соборот на производителите на Народната скупштина на Народна Република Босна и Херцеговина.

Во бројот 27 од 28 ноември 1956 година нема службен дел

Во бројот 28 од 7 декември 1956 година објавува:

**Уредба** за оснивање Управно училиште во Сараево;

**Одлука** за хонорарната настава во Управното училиште во Сараево;

**Одлука** за пренесување правото на оснивач на хидротехничките секции врз народните одбори на околиите;

**Одлука** за дополнителните плати на ветеринарите во ветеринарните станици;

**Одлука** за доделување новогодишни награди на службениците и работниците на републичките државни органи и установи;

**Решение** за измени и дополненија на Решението за назначување републички државни секретари, републички државни потсекретари, секретари во Извршниот совет на НР БиХ и секретари на секретаријатите на републичките совети;

**Објава** од Изборната комисија на НР БиХ за потврдената кандидатура за избор на народен пратеник на Соборот на производителите на Народната скупштина на Народна Република Босна и Херцеговина.

Во бројот 29 од 14 декември 1956 година објавува:

**Правилник** за измени и дополненија на Правилникот за квалитетот, прегледот и начинот на пакување и обележување на овошниот и лозниот посадочен материјал што се пушта во промет и за водењето на книгите за производството, продажбата и прегледот на тој материјал;

**Наредба** за привремена забрана на риболовот;

**Наредба** за задолжително чистење, прскање и уредување на овошните градини;

**Решение** за начинот на водење на книговодството на шумските стопанства како установи со самостојно финансирање;

**Решение** за измена на Решението за занимањата што можат да се изучуваат во стручните училишта со практична обука и за траењето на школувањето во овие училишта.

## СЛУЖБН ВЕСНИК НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Народна Република Македонија" во бројот 32 од 23 ноември 1956 година објавува:

**Одлука** за потврдување на Уредбата за организацијата и работењето на Извршниот совет;

**Одлука** за зголемување бројот на членовите на Извршниот совет;

**Одлука** за избор и разрешување на судии на Окружниот суд во Скопје;

**Одлука** за избор и разрешување на судии на Окружниот стопански суд во Скопје;

**Одлука** за оснивање Угостителска комора на Народна Република Македонија;

**Одлука** за одобрување претсметката на приходите и расходите на Републичкиот фонд за унапредување на шумарството за 1956 година;

**Препорака** за обезбедување на школите со простории и кадар;

**Уредба** за смоларење

Во бројот 33 од 28 ноември 1956 година објавува:

**Одлука** за доделување новогодишни награди на службениците и работниците на републичките државни органи и установи;

**Наредба** за дехелментизација на кучињата.

**СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ ЦРНЕ ГОРЕ**

„Службени лист Народне Републике Црне Горе" во бројот 21—22 од 28 ноември 1956 година објавува:

**Одлука** за прием на свршените ученици на средните стручни училишта за студенти на Вишата педагошка школа;

**Одлука** за определување основиците и нормите на придонесот за кадрови, како и за зголемување на определените норми кај одделни стопански организации;

**Одлука** за определување делот од добивката на издавачките претпријатија што во 1956 година се уплатува во фондот за унапредување на издавачката дејност;

**Одлука** за основање Републички фонд за води и за управување со тој фонд;

**Одлука** за управување со интернатите и домовите за ученици;

**Решение** за назначување членови на Советот за архиви на Народна Република Црна Гора;

**Одлука** за доделување новогодишни награди на службениците и работниците на републичките органи и установи.

## СОДРЖИНА:

Страна


665. Указ за прогласување на Законот за измена и дополнение на Основниот закон за односите на родителите и децата — 889
Закон за измена и дополнение на Основниот закон за односите на родителите и децата — — — — — — — — — 889

666. Указ за прогласување на Законот за измени и дополненија на Основниот закон за стипендиите — — — — — — — 889
Закон за измени и дополненија на Основниот закон за стипендиите — — — — 889

667. Уредба за зголемување платите на службениците и работниците на државните органи и установи — — — — — — 889

668. Уредба за измени и дополненија на Уредбата за инвалидските принадлежности — — — — — — — — — — — 892

669. Уредба за дополнение на Уредбата за извршување на буџетот и за сметководственото работење на државните органи и установи — — — — — — — — — 895

670. Уредба за измена на Уредбата за градење — — — — — — — — — — 895

671. Уредба за измени и дополненија на Тарифата за данокот на промет — — — 895

672. Одлука за измени и дополнение на Одлуката за усогласување обемот на инвестициите во 1956 година со расположивите средства на Општиот инвестиционен фонд — — — — — — — — — — 896

673. Одлука за начинот на употреба на средствата што стопанските организации ќе ги примат како отплата по заемот на федерацијата од 1954 година — — — — 896

674. Одлука за материјалните средства што се предвидуваат во буџетот на федерацијата односно на народна република за одделни служби на внатрешните работи — — 896

675. Одлука за доделување еднократен додаток на уживателите на пензиите и инвалидниниите — — — — — — — — 896

676. Одлука за давање краткорочни позајмици на корисниците на заемите од Општиот инвестиционен фонд и на нивните гаранти за подмирување на обврските спрема фондот — — — — — — — — 897

677. Одлука за давање заеми на индивидуалните селскостопански домаќинства чиј имот е оштетен од поплави во 1956 година 897

678. Одлука за спроведување аналитичка проценка на работните места во стопанските организации — — — — — — — 898

679. Одлука за основиците и нормите на придонесот за кадрови во стопанството — 898

680. Одлука за давање инвестициони заеми од банкарските средства преку Општиот инвестиционен фонд заради набавка на патни моторни возила за претпријатијата на јавниот патен сообраќај — — — 899

681. Наредба за регулирање извозот на определени производи — — — — — — 899

682. Наредба за извозот на стоки од страна на граѓаните — — — — — — — — 900

683. Упатство за спроведување на пописот (инвентарисањето) кај стопанските организации — — — — — — — — — 900

684. Решение за дополнение на Решението за видовите стоки и за коефициентите за пресметување разликата во цените при увозот на стоки за широка потрошувачка 906

685. Решение за измена на Решението за утврдување на контингентите за увоз на некои производи — — — — — — — 907

686. Решение за дополнување на Списокот за видовите стоки, услуги и за коефициентите за пресметување разликата во цените при увозот — — — — — — 907

687. Одлука за дополнување на Одлуката за определување синдикални органи што учествуваат во донесувањето и давањето согласност на тарифните правилници на стопанските организации — — — — 907

688. Решение за југословенскиот стандард за вијци и навртки — — — — — — — 907

689. Решение за југословенските стандарди за челични лимови — — — — — — 907

690. Решение за југословенските стандарди за изработка и испорака на машински ножеви, глодала, спирални бургии, развртувачи и впуштувачи, врезници и нарезници и пртенести еластични подлошки 908

691. Решение за југословенските стандарди за заштитни ракавици — — — — — 908

692. Решение за југословенските стандарди за кошничарско-плетарски производи — — 908

Исправка на Одлуката за давање премии за количините на јаглен произведени над предвидените количини производство — 909

# ПОКАНА НА ПРЕТПЛАТА НА „Службен лист на ФНРЈ“ за 1957 год.

ПРЕТПЛАТАТА НА „СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ“ за 1957 ГОДИНА ИЗНЕСУВА **1.700 динари** ЗА ЕДЕН ПРИМЕРОК, А ЗА СТРАНСТВО 2.500 ДИНАРИ

Претплатата се прима само за цела година, а се уплатува на жиро сметката 1032-Т-220 кај филијалата на Народната банка на ФНРЈ во Белград.

Им се обрнува внимание на досегашните претплатници при прак'ање претплата да ги испишат на чековната или вирманската уплатница:

а) точната адреса на претплатникот, место, улица и број, пошта и број на поштенскиот фах (ако го има),

б) претплатничкиот број од адресата на која се прима „Службен лист на ФНРЈ“.

Ако претплатата се уплатува за повек'е примероци, треба и тоа да се означи; ако претплатата се уплатува за повек'е установи, тогаш и адресите на кои треба да се прак'а весникот; ако претплатата се прак'а истовремено за весникот, за списанија или за посебни изданија, треба точно да се означи на име што се прак'аат парите.

Кога претплатата се полага првпат, да се назначи „Нов претплатник“.

Податоците треба да се внесат четливо, по можност со машина за пишување. Уплатите со непотполна, скратена и нечетлива адреса нема да се земаат во постапка.

Сé што се однесува до претплатата достаточно е да се напише на опачината од чековната или вирманската уплатница и со тоа да се избегне посебна преписка. Ако преписката век'е се врши, потребно е секогаш да се назначи претплатничкиот број под кој се прима „Службен лист на ФНРЈ“.

Кон бројот 51 на „Службен лист на ФНРЈ“ е приложена чековна уплатница. За претплатниците што добиваат повек'е примероци чековната уплатница се наог'аше во примерокот со адресата.

АКО ПРЕТПЛАТАТА НЕ СЕ ОБНОВИ ДО 1 ЈАНУАРИ, ИСПРАК'АЊЕТО НА ВЕСНИКОТ К'Е СЕ ЗАПРЕ ОД 5 ЈАНУАРИ 1957 ГОД.

**„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ“ — Белград Улица Краљевиќа Марка 9. Поштенски фах 226 — Телефон 26-276**

## Претплатата за 1957 година за додатоците на „Службен лист на ФНРЈ“

1) „МЕЃУНАРОДНИ УГОВОРИ И ДРУГИ СПОРАЗУМИ“ изнесува 1.000 динари, а за странство 1.500 динари.

2) „ОДЛИКОВАЊА И ПОМИЛОВАЊА“ изнесува 400 динари, а за странство 800 динари.

Претплатата се уплатува како и за „Службен лист на ФНРЈ“ на жиро сметката 1032-Т-220.

Издавач: „Службен лист на ФНРЈ“ — новинско-издавачко претпријатие — Белград, Улица Краљевиќа Марка бр. 9. — Директор и одговорен уредник Слободан М. Нешовиќ, Улица Краљевиќа Марка бр. 9.
Печат на Белградскиот графички завод, Белград